Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut

СУДСКИ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
KËSHILLI GJYQËSOR I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT

ул. “Македонија“бр.5, 1000 Скопје | тел.02/3218 130 факс.02/3218 131 | contact@ssrm.mk
rr. ”Makedonija” nr.5, 1000 Shkup | tel.02/3218 130 faksi.02/3218 131 | contact@ssrm.mk

Бр.____________

_____________ год.

СКОПЈЕ

**ДО**
**СУДСКИОТ СОВЕТ НА**
**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**С К О П Ј Е**

Согласно член 67 став 1 и 2 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија ( Службен весник на Република Северна Македонија бр.102/19), Комисијата на известители во состав: Мирсад Суроји - претседател на Комисијата, Мери Радевска и м-р Селим Адеми - членови на Комисијата, постапувајќи по Барањето за поведување на постапка за утврдување на одговорност на Б.А., претседател на ...суд.....бр. 10-86/1 од 07.11.2023 година, поднесено од страна на м-р Миљазим Мустафа, член на Судскиот совет на Република Северна Македонија, по одржаната расправа на ден 29.12.2023 година го доставува следниот:

## И З В Е Ш Т А Ј
## за констатирана состојба

Од страна на м-р Миљазим Мустафа, член на Судскиот совет на Република Северна Македонија, доставено е Барање за поведување на постапка за утврдување на одговорност на Б.А., претседател на ....суд.....бр. 10-86/1 од 07.11.2023.

Во барањето се наведува дека Б.А. во периодот од 22.05.2023 година до 30.10.2023 година во својство на Претседател на ....суд.....кој е член на Судскиот совет на Република Северна Македонија по функција, постапил спротивно на член 43 ст.2 в.в. со ст.1 ал.1 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонијана начин што и покрај тоа што е должен да учествува во работата на Советот, истиот отсуствувал од седниците на Судскиот совет на Република Северна Македонија во континуитет наведениот период, и тоа на 442-та седница одржана на ден 22.05.2023 година, на 443-та седница одржана на ден 30.05.2023 година, на 444-та седница одржана на ден 08.06.2023 година, на 445-та седница одржана на ден 15.06.2023 година, на 446-та седница одржана на ден 29.06.2023 година, на 447-та седница одржана на ден 04.07.2023 година, на 448-та седница одржана на 05.07.2023 година, на 449-тата седница одржана на ден 10.07.2023 година, на 450-тата седница одржана на ден 25.07.2023 година, на 451-та седница одржана на ден 27.07.2023 година, на 452-та седница одржана на ден 30.08.2023 година, на 453-та седница одржана на ден 06.09.2023

година, на 454-та седница одржана на ден 13.09.2023 година, на 455-та седница одржана на ден 26.09.2023 година, на 456-та седница одржана на ден 28.09.2023 година, на 457-та седница одржана на ден 09.10.2023 година, на 458-та седница одржана на ден 04.10.2023 година, на 459-та седница одржана на ден 10.10.2023 година, на 460-та седница одржана на ден 18.10.2023 година, на 461-та седница одржана на ден 19.10.2023 година и продолжение на истата од 30.10.2023 година и на 462-та седница одржана на ден 30.10.2023 година, па и покрај тоа што непосредно пред почетокот на некои седници има доставеноизвестување за неприсуство, сепак истото е без поткрепа со доказ за оправданост на отсуството, со што не ги извршувал законските должности и обврски.

Со опишаните дејствија, судијата Б.А. во својство на Претседател на ....суд.....кој е член на Судскиот совет на Република Северна Македонија по функција, во наведениот период со неприсуство на седниците, оневозможил координирано, активно и ефикасно превземање на мерки и активности во рамките на Судскиот совет на Република Северна Македонија, со цел остварување на неговите функции во  насока на обезбедување и гарантирање на самостојноста и независноста на судската власт, преку остварување на своите функции согласно со Уставот и законите, со што постапи спротивно на чл.43 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија,  и со тоа ги пречекори и повреди законските овластувања како Претседател на .........суд на Република Северна Македонијаво смисла на член 79 став 1 алинеа 1 од Законот за судовите.

На ден 06.11.2023 година,Претседателот на .........суд на Република Северна Македонија, судијата Б.А. и член на Судскиот совет на Република Северна Македонија по функција, постапил спротивно на член 43 ст.2 в.в. со ст.1 ал.1 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија, на начин што по претходно телефонско известување од Претседателот на Судскиот совет на Република Северна Македонија на ден 03.11.2023 година и писмено доставена покана за работна средба за ден 06.11.2023 година во 11,00 часот заради разгледување на состојбата со најавениот од нејзина страна преку медиумите политички притисок врз судии на ....суд.....во врска со одлучување за аболицијата на поранешниот претседател на државата, истата не дојде на работната средба, а своето отсуство го најави со писмен допис доставен до Судскиот совет на Република Северна Македонија непосредно пред терминот на закажаната средба и објавен е јавно на веб страната на .........суд на РСМ.

Со ваквото однесување и постапување, Претседателот на ....суд.....кој е член на Судскиот совет на Република Северна Македонија по функција, не само што го попречи и оневозможи Судскиот совет на Република Северна Македонија во остварување на основната цел, а тоа е да ја обезбедува и гарантира самостојноста и независноста на судската власт преку остварување на своите функции согласно со Уставот и законите, туку и покажа професинална и правна некултура во постапувањето и почитувањето на институциите во рамки на правосудниот систем, а кое допринесува за намалување на довербата на граѓаните во судството, со што постапил спротивно на чл.43 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија,  и со тоа ги пречекори и повреди законските овластувања како Претседател на ....суд.....во смисла на член 79 став 1 алинеа 1 од Законот за судовите.

Во прилог кон барањето како предлог докази што треба да се изведат на расправата се доставени, и тоа:

- Одлука на Судскиот совет на Република Северна Македонија бр.09-309/1 од 12.02.2021 година;
- Покана бр.03-2152/1 од 03.11.2023 година;
- Одговор на покана СУ-03.бр.754/23 од 06.11.2023 година;
- Увид во записниците од одржаните седници на Судскиот совет на Република Северна Македонија, и тоа од 442 седница до 462 седница
- Увид во веб страна на .........суд на РСМ.

Судскиот совет на Република Северна Македонија на 463-та седницата одржана на ден 08.11.2023 година, согласно чл.63 ст.1 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија (Службен весник на РСМ бр. 102/19), по пат на ждрепка донесе Одлука со која се формира Комисија на известители во состав: Мирсад Суроји - претседател на Комисијата, Мери Радевска и м-р Селим Адеми - членови на Комисијата.

Комисијата на известители постапувајќи согласно чл.63 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија констатираше дека барањето е навремено, целосно и не е очигледно неосновано, поради што не го отфрли барањето и во смисла на чл.63 ст.7 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија поднесе Известување за утврдената фактичка состојба до Судскиот совет на Република Северна Македонија.

На 465-та седница на Судскиот совет на РСМ, одржана на ден 23.11.2023 година, согласно член 63 став 6 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија, Комисијата на известители го презентираше Известувањето за утврдената фактичка состојба, при што Судскиот совет одлучи постапката за утврдување на одговорност на Б.А. – претседател на .........суд да продолжи.

Со допис бр.10-86/6 од 29.11.2023 година, Комисијата на известители предметното барање за утврдување на одговорност во прилог со доказите го достави на произнесување до Б.А. претседател на .........суд на Република Северна Макеоднија.

Во законски предвидениот рок, односно на ден 12.12.2023 година, претседателката достави Писмено произнесување по барањето за утврдување одговорност, заведено во Советот под бр.10-86/7, во кое наведева дека врз основа на член 61 став 3 ЗССРСМ, а согласно континуираните заложби за целосна транспарентност и отвореност на судството на претседателката на .........суд, побара целосниот тек на постапката за утврдување одговорност на претседателката на .........суд да биде јавна во сите свои понатамошни фази, вклучувајќи ја расправата по барањето (член 66 ЗССРСМ), извештајот на Комисијата (член 67 ЗССРСМ) и расправата пред Советот (член 68 ЗССРСМ). Ваквото барање за јавноста на постапката за утврдување одговорност наведе дека е во целосна согласност со меѓуна родните стандарди за независноста на судството кои предвидуваат дека постапките против судиите и претседател ите на судовите треба по правило да бидат јавни . Покон кретно, во најновите Препораки за судска

независност и одговорност (Препораките од Варшава) на ОБСЕ - ОДИХР од 2023 година во точка 20 јасно предвидуваат дека:

20. „Транспарентноста треба да биде правило во дисциплинската постапка и расправа во која учествува судијата. Постапките треба да бидат отворени за јавноста, освен акосудијата не побара тие да бидат затворени за јавноста. Постапките не треба да бидат автоматски затворени за јавноста по барање на судијата, туку, таквото барање треба соодветно да се разгледа од случај до случај, при што надлежен суд треба да одлучи дали барањето е оправдано. "

Исто така, Препораките од Киев за независноста на судството во Источна Европа, Јужен Кавказ и Централна Азија на ОБСЕ-ОДИХР и Макс Планк Минерва истражувачката група за независност на судството од 2010 година во точка 26 јасно го утврдува правилото дека дисциплинските постапки против судиите треба да бидат јавни.

Покрај ОБСЕ-ОДИХР и Венецијанската Комисија на Советот на Европа во своите мислења го потврдува правилото дека дисциплинските постапки треба да бидат јавни, а само по исклучок затворени за јавноста. Еден таков пример е CDL-AD(2014)032, Заедничко мислење на Венецијанската комисија и Директоратот за човекови права (ДЧП) на Директоратот за човекови права и владеење на правото (ДГИ) на Советот на Европа, за нацрт Законот за измена на Законот за дисциплинската одговорност и дисциплинската постапка против судии на Генералниот суд на Грузија, кое мислење во точката 26 препорачува:

26. јавноста треба исто така да биде водечки принцип за подоцнежните фази на дисциплинските постапки„. Нацрт текстот на член 30 став 4, според кој: „Седниците на дисциплинскиот одбор треба да бидат затворени за јавноста" се смета за проблематичен. Прво, се препорачува седниците, како генерално правило, да бидат јавни, а јавноста да биде исклучена само по исклучок, по барање на судија и врз основа на околности предвидени со законот ...."

Воедно, укажа дека согласно член 74 ЗССРСМ е регулирано и предвидено правото на фер судење согласно гаранциите утврдени во член 6 од Европската конвенција за заштита на човековите права во текот на постапката пред Советот. Правото на фер судење покрај јавноста на постапката го опфаќа и принципот на еднаквост на оружјата. Токму во согласност со овој принцип би сакала да укажам дека извештајот на Комисијата на известители од член 67 ЗССРСМ треба да биде достапен на претседателката на .........суд. Единствено со достапност на извештајот ќе се овозможи претседателката на .........суд да се осигура дека соодветно се пренесени нејзиното изјаснување, но и доказите кои се приложени со цел Советот да има комплетен увид во аргументите. Меѓународните стандарди одново го

потврдУваат ваквото сфаќање за еднаквоста на оружјата. Поточно, во точката 20 се наведува:

„20. *Понатаму, телата кои одлучуваат во дисциплинските постапки против судиите треба да го почитуваат принципот на еднаквост на оружјата, вклучително и да се даде право на обвинетиот судија на застапување, да биде бранет од адвокат по негов избор и право да ја изложи својата одбрана што предвидува и право на пристап до докази„.*"

Воедно, побара постапката да биде водена со почитување на правото на примена на јазиците и писмата, уредено со членот 9 од Деловникот за работа на судскиот совет на Република Северна Македонија.

Со оглед на краткиот рок за писмено произнесување по барањето за поведување на постапката за одговорност на претседател на суд, писменото произнесување наведе дека го дава на македонски јазик, но дополнително ќе го достави и на албански јазик и очекува доставеното барање и доказите да бидат доставени и на албански јазик, со цел во целост да би се испочитувале правата за гарантирани со Деловникот за работа на Судскиот совет.

Наводите и тврдењата изнесени во Барањето за поведување на постапка за утврдување на одговорност на претседателката на .........суд а се однесуваат на наводно прекршување на правата, обврските и одговорностите на членовите на Судскиот совет уредени со член 43 став 2 ЗССРСМ со што се пречекорени и повредени законските овластувања, а се однесуваат на: (1) отсуството на претседателката на седниците на Судскиот совет и (2) одбивање да дојде на средба во Советот на покана од претседателот на Судскиот совет по даденото интервју за еден медиум/портал во кое претседателката изнела наводи за притисоци и закани, ги побива во целост како неосновани.

Со првата точка од барањето за поведување на постапка за утврдување на одговорност на претседател на суд се става на товар дека претседателката на .........суд, дека во периодот од 22.05.2023 до 30.10.2023 година во својство на претседателка на ....иот суд на Република Северна Македонија и како член на Судскиот совет по функција постапила спротивно на член 43 ст.1 на начин што била должна да учествува во работата на Советот, а истата отсуствувала од 442-та до 462-та седница. Покрај фактот што непосредно пред почетокот на некои седници има доставено известување за неприсуство, сепак истото не било поткрепено со доказ за оправданост на отуството, со што не ги извршила своите законски должности и обврски. На овој начин, во барањето се наведува дека претседателката на .........суд оневозможила координирано, активно и ефикасно преземање на мерки и активности во рамки на Судскиот совет со цел остварување на неговите функции и во насока на обезбедување и гарантирање на самостојноста и независноста на судската власт.

Наведува дека Извештајот на Оценската комисија на ЕУ за работата на Судскиот совет, кој меѓу друг ото бил доставен и до Судскиот совет на ден 11.12.2023 година, а кој го опфаќа и периодот за кој се покренува барање за поведување на постапка за одговорност на претседателот на .........суд, се потврдувало дека не постоело прекршување на законот со неприсуство на претседателката на .........суд на седниците на Судскиот совет, што било сосема спротивно од тврдењата дадени во рамки на барањето за поведување на одговорност на претседателот на Вхровниот суд. Имено, во глава 4.2.1. Присуство на Министерот за правда и Претседателот на .........суд, наведува:

„Исто така, совет бил Претседателот на .........суд повеќе да не биде дел од Судскиот совет, за да се обезбеди внатрешна независност на судството . Напоменува дека претседателот на .........суд и министерот за правда по неодамнешните контроверзни настани во Судскиот совет не присуствуваа на седниците на Судскиот совет по сопствена одлука и тоа не било прекршување на законот.

Доколку министерот за правда и претседателот на .........суд не се членови на Судскиот совет, требало да се обезбедат механизми за координација меіу овие три институции, со цел подобро да се обезбедат начини за координација меіу овие три институции, со цел подобро да се обезбедат комуникација и соработка. Тоа можело да се направи на неформален начин, на пример меіу месечните состаноци, на кои може да се разговара за одредени проблеми на судсвото или прашање од јавен интерес. Сешак, важно било записниците од овие состаноци да бидат достапни на јавноста со цел да се обезбеди транспарентност."

Претседателката на ....суд.....е член на Судскиот совет по функција, која ги има истите права, обврски и одговорности како и членовите на советот со право на глас, освен во случаите предвидени со Законот за Судски совет. Но за разлика од членовите на Судскиот совет со право на глас, каде во член 34 ст.1 алинеја 2, каде јасно било наведено дека основ за поведување на дисциплинска одговорност е занемарување и неизвршување на функција во работата на советот, ваква одредба не постоела за разрешување на претседател на суд, особено за претседател на .....суд.

Претседателката на ...... суд своите права, обврски и одговорности наведе дека ги црпи од членот 43 ставот 13 од ССРСМ, каде е таксативно наведедено дека има право да учествува во работата на Судскиот совет. Но, видно од содржината на законскиот текст, не постоела јасна дефиниција за тоа што преставува учество во работата на Судскиот совет и како истото се поима. Имено, таа согласно член 6 став 2 ЗССРСМ немала право на глас и согласно член 6 став 3 ЗССРСМ немала право да учествува во одлучувањето и воедно не можелс да учествува во работата на Советот на седниците на кои се расправа и одлучува за

поведена постапка за утврдување на одговорност, избор и разрешување на судија или претседател на суд. Ова значело дека при повикувањето на одредбата од член 43 став 1 алинеја 1 подносителот на барањето го превидел делот дека не може да повикува на одговорност во еден дел од одредбата поради тоа што претседателката на .........суд не учествува во одлучувањето додека учествува само во еден дел од работењето на Советот на седниците. Дополнително подносителот на барањето се обидел да го стесни значењето на поимот учество во работата на Советот и истиот го сведувал единствено на присуство на седниците на Советот, барем во оној дел на кој претседателот на .........суд според законот имал право да присуствува. Ваквото стеснување на значењето е целосно несоодветно и поради тоа неточно било тврдењето дека претседател ката на .........суд во континуитет не учествувала во работата на Советот.

Со Законот за судови, член 79 ст.1 алинеја 1, се предвидувало кумативно да бидат исполнети два услови и тоа да има злоупотреба на положбата и пречекорување на службените овластувања а не повреда на законските овластувања како што се тврди и наведува во барањето за поведување на одговорност на претседателката на .........суд.

Од содржината на барањето за поведување на постапка за утврдување на одговорност на претседател на суд, јасно било дека подносителот на барањето учеството во работата на Судскиот совет го поистоветувал со физичко присутво на закажаните седници, што во ниту еден случај не можело да се поистовети. Физичкото присуство на член на Судскиот совет на закажаните седници не подразбирало дека истиот учествува во работата на Советот односно дава иницијативи, предлози и мислења од надлежност на Советот или учествува во расправата и дискусиите. Дополнително, подносителот на барањето го превидел фактот дека членот 43 ЗССРСМ во истата одредба регулира права, обврски и одговорности и истите не ги издвојува. Во оваа смисла учеството во работата покрај тоа што е обврска и одговорност, тоа било и право на членот на Судскиот совет. Ваквото право кое членот на Судскиот совет го уживал можело да го користи, но не можело да биде приморан истото секогаш да го ползува во смисла на учество во расправи и дискусии, давање предлози и мислења. Во оваа смисла во законот никаде не било регулирано на колку седници може да отсуствува член на Судскиот совет па оттука делувало дека арбитрарно се определува критериум за одговорност поради наводно пречекорување и прекршување на овластувањата иако законодавецот тоа не го регулира на овој начин.

Дали член на Судскиот совет по функција нема право да отсуствува од седниците? После колку отсуства треба да следи постапка за одговорност? Додека уставотворецот во член 65 став 4 од Уставот јасно предвидел дека пратенички мандат може да биде одземен поради неоправдано отсуство од Собранието повеќе од шест месеци, во случајот

со членовите на Судскиот совет, а уште повеќе за членовите по функција, не постои ниту уставна, ниту законска одредба која го регулира ова прашање.

Подносителот на барањето преку наводите против претседателката на Судскиот совет всушност целосно ги изедначувал учеството во работата, поточно физичкото присуство на седниците на Советот, со законските овластувања на претседателката на ...... суд кои таа ги прекршила и пречекорила со наводното отсуство од седниците. Притоа се занемарувал статусот на претседателката на .........суд како член на Советот по функција и не се посветувало внимание која функција е примарна, а која има деривативен карактер.

Иако и во самото барање (стр. 4) било посочено дека функцијата член на Судскиот совет во овој случај произлегува од примарната функција претседател на .........суд, сепак се добивало впечаток дека не се останувало доследно на оваа констатација при изнесувањето на наводите за одговорност на претседателката. Всушност со разликувањето на двете функции јасно бил утврден приоритетот на обврските и овластувањата кои треба да бидат извршувани. Доколку претседателката на .........суд била соочена со постоење на паралелни обврски, врз основа на наведеното, се подразбирало дека таа била должна да даде предност на своите примарни законски обврски и овластувања како претседател на највисокиот суд на државата. Во одредени ситуации со нејзиното присуство на седниците на Совет таа би била оневозможена да ја извршува својата примарна функција и со тоа да ги занемари своите законски овластувања како претседателка на ......... суд што би можело да биде причина за нејзина одговорност имајќи предвид дека тоа е нејзина примарна функција, додека членството во Судскиот совет извира или произлегува токму од примарната функција. Поради ова никако не можело да се тврди дека преку оправданото отсуство од седниците на Судскиот совет претседателката ги прекршила законските овластувања. Впрочем, ваквото тврдење се потврдувало со еден интересен и значаен факт поврзан со тоа дека на официјалната веб страница на Судскиот совет, претседателката на .........суд воопшто не е наведена како член на Судскиот совет и за неа нема податоци.

Од друга страна, во барањето се истакнувало дека веќе неколку месеци местото член на Судскиот совет од редот на судиите на .........суд било испразнето и поради тоа присуството на претседателката на .........суд било нужно и важно. Тоа што во постоечкиот состав на Судскиот совет нема член од редот на судиите на .........суд, упатува кон Советот, а не кон претседателката на .........суд и за нејзината евентуална одговорност, особено што .........суд е составен од судии на .........суд на Република Северна Македонија, кои самостојно и независно ја изразуваат својата волја на изборите за член на Судскиот совет.

Оттука, законските овластувања како претседател на највисокиот суд во државата остануваат да бидат приоритет поради горена ведените причини

Работата на .........суд со кој раководи претседателката од 2021 година од страна на сите домашни и релевантни институции бил оценет како ажурен и на висина на неговата уставно определена задача. Интересно, и во извештајот на Судскиот совет за 2022 година за работата на .........суд е дадена следнава констатација, што било резултат на целокупната работа на претседателката и нејзиното раководење и управување со .........суд:

„....суд.....месец јануари 2022 година го започнал со нерешени 956 предмети, примил во работа 5065 предмети, што значи дека има во работа вкупно 6021 пр едмети. Од овој фонд на предмети решени се 5214, а останале до крајот на 2022 година нерешени 807 предмети. Според наведени те податоци, .........суд на Република Северна М акедонија го совладал приливот на пр едмети и го намалил заостатокот за 149 предмети. Во 2022 година, ....суд.....се оценува како АЖУРЕН."

Извештајот на Европската комисијата за Република Северна Македонија за 2022 дал позитивни констатации за управувањето и работата на ......... суд, искажувајќи поддршка и охрабрување за преземените активности и заложби на ......... суд на Република Северна Македонија, притоа особено поздравувајќи го донесувањето на новиот Деловник на .........суд, утврдувањето на начелните ставови и правни мислења, конзистеноста на судската практика, постапувањето по предметите од висок јавен интерес, форми рањето на Советот за отворено судство и донесувањето на Декларацијата за отворено судство.

Исто така, во новиот Извештај на Европската комисија за 2023 година, повторно се давале и нагласувале позитивни констатации за управувањето и работата на ......... суд,наведувајќи го следново во поглед на придонесот на .........суд конезависноста и непристрасноста на судството:

„Независноста и непристрасноста на судството е запишано во Уставот. Судскиот совет и КПП треба да дејствуваат решително за да ја промови раат и заштитат независноста, интегритетот и професионалноста на судиите и обвинителите. Потребни се дополнителни напори за да се зголеми транспа рентноста и да се спречи секој обид за несоодветно влијание или заплашување. Имплементацијата на Декларацијата за отворено судство, потпишана во март 2022 година од 12 различни судски институции, граіански ор ганизации и професионални здруженија, предводени од .........суд продолжи и помогна да се подобри транспа рентно ста на судството ."

„.........суд и четирите апелациони судови придонесоа за доследност на пресудите и усо гласени судски практики . Тие се фокусираа на разгледување на случаи од висок профил и случаи од јавен интерес. .........суд, по иницијатива на својот претседател, донесе начелен став дека сите судови

треба да ги објавуваат своите одлуки, без разлика дали се конечни или не, на нивните веб-страници . Судот донесе начелен став и за директна примена на Уставот и на Европската конвенција за човекови права во жалбените постапки против одлуките на Судскиот совет за разрешување на судии или претседатели на судови. .........суд донесе и објави 17 дополнителни начелни правни мислења, ставови и заклучоци. "

Понатаму, наведува дека активностите на ....суд.....позитивно било оценети и во Извештајот на Стејт департментот за човековите права за 2022 година. Во таа насока, во Извештајот се истакнувало дека:

„Со Начелниот став на .........суд како реакција за унапредена транспарентност на судството, се советуваат пониските судови да ги објавуваат не само правосилните, туку и неправилните судски одлуки, особено во случаите кога се работи за предмети од јавен интерес."

Понатаму, тврдењето истакнато во барањето дека претседателката на .........суд не присуствувал на некои од седниците на Судскиот совет никако не можело да наведе на заклучок дека таа не учествувала во работата на Советот. Претседателката при остварување на својата функција постојано соработувало со Судскиот совет, а на тој начин учествувала во неговата работа, во насока на остварување на нејзината примарна функција ка ко претседателка на .........суд. Па, така за споменатиот период од .........суд до Судскиот совет биле доставени извештај за прв квартал 2023 година; извештај за втор квартал за 2023 година; извештај за трет квартал 2023 година, запознавајќи го Судскиот совет со работата на .........суд. Оттука наводот даден во барањето за поведување на одговорност, дека претседателката на .........суд не ги извршувала своите законски обврски е целосно неточен и непоткрепен со докази.

Дополнително, до Судскиот совет во континуитет биле доставувани материјали во поглед на остварување на неговите законски функции, па оттука не можеле да се согласат со констатацијата во барањето за поведување одговорност дека претседателката на .........суд не дала свој придонес во надминување на одредени состојби во правосудството. На ден 06.07.2023 година, Судскиот совет бил известен за формираниот Изборен одбор за спроведување на избори за членови на Судскиот совет. Потоа на 25.09.2023 година, до Судскиот совет бил доставен заклучок со мислење за потребните судиски места и судиски службеници на .........суд на Република Северна Македонија, кој бил донесен на општата седница на .........суд на 15.09.2023 година. Постојана комуникација во поглед на јавни набавки се остварувала меѓу Судскиот совет и ......... суд, како и за давање пристап до делот за ажурирање на содржините на веб страната на Судскиот совет на Република Северна Македонија.

Посочените примери на континуирана соработка на претседателката на .........суд со Судскиот совет, дури и во временскиот период за кој се тврдело дека всушност со своето оправдано отсуство го оневозможила соодветното функционирање на Советот, укажува на тоа

дека таа редовно придонесувала во остварувањето на функциите на Судскиот совет. Всушност во оваа смисла претседателката учествувала во работата на Советот и покрај тоа што оправдано отсуствувала од седниците.

Наводот истакнат во барањето за поведување на постапка против претседателката на .........суд дека истата не била во можност да се запознае и информи ра со состојбите во правосудството бил неточен од причина што Судскиот совет во континуитет ги доставувал записниците од одржаните седници, како би можеле сите членови да се запознаат со дискусиите водени пред Судскиот совет, нивните одлуки и ставови на поединечните членови во Советот. На овој начин но и преку остварување на нејзината функција претседателка на .........суд, истата била запознаена со состојбата и сите слабости во судскиот систем. Дека претседателката на .........суд придонесувала кон изнаоѓање на решенија и начини за надминување на состојбите во судството, говорел и последниот Извештај на Европската комисија за напредокот на нашата држава, цитиран во рамки на писменото произнесување погоре, како и бројните средби и настани со релевантни чинители, домашен но и меѓународен фактор чиј мандат е насочен кон владеење на правото, подобрување на состојбата во правосудството, целосна негова независност, ефикасност и враќање на довербата во правосудството. Сето ова јасно покажува дека приоритет на работата на претседателката на .........суд бил токму враќање на самостојноста и независноста на судската власт и поголема доверба во судството од страна на граѓа ните во држа вата.

Во поглед на закажувањето на седници на Судскиот совет, член 38 став 6 од ЗССРСМ и член 11 став 2 Деловникот за работа на Судскиот совет многу прецизно предвидувал и регулирал дека поканите за седницата заедно со дневниот ред и соодветните материјал и треба да бидат доставени до членовите на Советот најмалку 7 дена пред одржување на седницата, а по исклучок наведениот рок може да биде пократок само за итни и неодложни седници.

Седниците на кои не присуствувала претседателката на .........суд, а кои биле наведени во барањето за поведување постапка, во најголем дел претставувале редовни седници (исклучок се четирите итни седници во овој период и тоа: 445-та седница од 15.06.2023 година, 447-та седница од 10.07.2023 година, 458-та седница од 04.10.2023 година и 459-та седница од 10.10.2023 година) за кои Советот бил должен да ги извести членовите на Советот со покана доставена до членовите најмалку 7 дена пред одржува ње на седницата. Во временскиот период на кој се упатувал вкупно биле одржани 20 седници, од кои само четири биле итни седници. Претседателката на .........суд во континитет, особено за наведените седници наведени во барањето за поведување на постапка, била известувана во многу пократок рок од законскиот, без за истото да постои соодветно образложение и покрај фактот што седниците биле од

редовен карактер, а не итни и недоложни, ка ко би биле дозволени исклучоци.

Претседателката на .........суд, видно од доставените покани само за три седници ( 446- та седница закажана за 29.06.2023 година, 452-та седница за кажана за 30.08.2023 и 462-та седница закажана за 30.10.2023 година) е поканета во за конскиот рок од 7 дена. Само како илустрација за 445-та седницата закажана за 15.06.2023 година, поканата е доста вена до претседателката на .........суд на 2 дена претходно, а истото се однесува и за 451-та седница закажана за 27.07.2023 година и за 453-та седница од 06.09.2023 година.

Со Деловникот за работа на Судскиот совет во член 12 став 1 било регулирано дека претседателот на Судскиот совет е надлежен да ја отвори седницата и да констатира присуство, односно отсуство на членовите на Совета со излагање на причините за членовите кои не биле присутни, што подоцна се внесува и во записникот за одржаните седници. Доколку се тврди дека оправданото отсуство, кое е видливо нотирано во соодветните записници, не било поткрепено со доказ за оправданоста тогаш се поставувало прашањето дали тоа значило дека отсуството не било соодветно констатирано од претседателот на Советот или дека тоа е несоодветно нотирано во записниците. Смета дека подносителот на бара њето во својство на член на Судскиот совет никако не може да знае, уште помалку да тврди, дека отсуствата не биле опра вдани или дека не се доставени соодветни докази особено кога записниците упатуваат на спротивното. Во случај да има сомнеж за такво нешто смета дека овие дилеми би требало првично да се упатат до претседателот, односно заменик претседателот на Судскиот совет и евентуално до соодветните службеници одговорни за водење на записниците, а не истите да бидат користени ка ко аргументи и докази во вака сериозна поста пка за утврдување одговорност на претседателката на .........суд

Од содржината на записниците кои се прилог на барањето за поведување на постапка за одговорност на претседател на суд, а кои не се карактеризираат со конзистентен пристап во нивното составување од овој конкретен аспект, во голем дел од нив било констатирано дека претседателката на ....суд.....е оправдано отсутна, а во дел од записниците стои констатација само отустни членови, што говорело за неконзистентни констатации за присуството односно отсуството на членови на Советот. Во соодветните записници се констатирало отсутни членови, кои биле уредно известени за седницата, меѓу кои и претседателот на .........суд, како што стои во записникот од 444-та итна седница одржана на ден 08.06.2023 година; 445-та седница од 15.06.2023 година; 447-та седница одржана на ден 04.07.2023 година; 451-та седница одржа на на ден 27.07.2023 година ; 452-та седница одржана на ден 30.08.2023 година; 457-та седница одржана на ден 09.10.2023 година; 459-та седница одржана на ден 10.10.2023 година. Сето ова

водело кон заклучок дека отсуството не било соодветно констатирано или дека постои несоодветно нотирање во записниците, кои ни се доставени како доказ.

Во записникот за 454-та седница, одржана на ден 13.09.2023 година, во делот кој се однесувал на неприсуството на претседателот на .........суд била наведена констатација дека истата имала уредно известување дека била спречена поради службени обврски да присуствува на истата. Образложение за неприсуството односно отсуство на седниците 453-та седница закажана за ден 06.09.2023 година, 454-та седница закажана за 13.09.2023 година, 455-та закажана за 26.09.2023 година, 456-та закажана за 28.09.2023 година, 458-та седница закажана за 04.10.2023 година, 457-та седница закажана за 09.10.2023 година, 459-та седница закажана за 10.10.2023 година, 460-та седница закажана за 18.10.2023 година, 462- та закажана за 30.10.2023 година било доставено до Судскиот совет од страна на претседателката на .........суд и истото било нотирано во усвоените записници од одржаните седници. Сето ова ги побивале тврдењата наведени во барањето за поведување на одговорност дека отсуството не е соодветно оправдано.

Со Деловникот за работа на Судскиот совет во член 15 е наведено дека записникот се разгледува и усвојува на седница на Советот, а во случај на забелешки на содржината на истиот Советот носи заклучок кој претставува составен дел на записникот на кој се однесувала забелешката.

Видно од содржината на соопштението за одржана 467-та седница од ден 06.12.2023 година, записниците за 454-та, 455-та и 456-та седница биле усвоени од Советот еден месец по поднесување на барањето за поведување на постапка за одговорност на претседател на суд, па следствено на истото го изнесува ставот дека истите не можеле да се користат како докази од причина пто не биле усвоени од страна на Советот. Истата забелешка ја истакнува и за записниците од 457-та до 462-та седница, од причина што до моментот на доставување на писменото произнесување, не располагала со официјален податок дали записниците се усвоени од страна на Советот, како би претставувале валидни докази во постапката која се води против претседателката на . суд.....

Од содржината на записниците кои биле доставени до претседател ката на .........суд јасно произлегувало дека и без нејзиното присуство Судскиот совет во целост ги остварувал своите надлежности предвидени со член 36 од ЗССРСМ, па оттука целосно биле неосновани наводите во барањето дека претседателката на ..... суд оневозможила координирано, активно и ефикасно преземање на мерки и активности во рамки на Судскиот совет. Притоа подносителот не наведувел конкретно на кој начин претседателката на .........суд го оневозможила Судскиот совет да ја остварува својата функција. Тоа секако не упатувало дека има некаква конкретна штета или негативна последица.

Во оваа смисла, а како поткрепа на тврдењето дека отсуството на претседателот на .........суд како член на Судскиот совет никако не можело да предизвика оневозможување на остарувањето на функциите на Судскиот совет, бил и фактот дека неговото, односно нејзиното присуство не било пресудно за исполнување на кворумот за работа, од причина што, согласно член 38 став 4, седницата на Советот може да се одржи ако се присутни мнозинство од вкупниот број на членови со право на глас, додека членовите по функ ција не влијаат на кворумот. Од претседателот на .........суд не зависело ниту усвојувањето на предлог дневниот ред, бидејќи за истото биле потребни гласовите на членовите во советот со право на глас. Воедно согласно член 6 став 2 ЗССРСМ членовите по функција немале право на глас и со тоа не учествувале во одлучувањето. Од самите записници кои биле предмет на постапката за утврдување одговорност, повеќе од јасно било дека членовите на Советот со право на глае носеле одлуки и одлучувале во рамки на своите законски надлежности, па Судскиот совет во периодот од 22.05. 2023 до 30.10.2023 година непречено ја вршел својата работа и преземал мерки и активности со цел остварување на неговите функции, односно обезбедување и гарантирање на самостојноста на судската власт. Да се тврди дека претседателот на .........суд со своето неприсуство на седниците за наведениот период, ја оневозможил работата на судскиот совет било несериозно и водело кон заклучок дека за овој период Судскиот совет претставувал неефикасно тело, кое не успеало да ги оствари своите функции согласно Уставот и Законите во Република Северна Македонија

По однос на втората тучка од нарањето наведува дека на ден 03.11.2023 година (петок), претседателката на ......... суд во интервју за медиумот сакамдакажам.мк, наведува дека како ..... суд биле мета на притисоци да се оживее аболицијата на поранешниот претседател на државата, но дека успеале како суд да се спротивстават на таквите обиди да се загрози неза висноста на судството и да се наруши нивниот углед и авторитет, а воедно и истакнува дека постои потреба доследно да се почитуваат Уста вот и законите. Во рок од неколку часа по обја вувањето на интервјуто, од стра на на претседателот на Судскиот совет, претседателката на .........суд телефонски ж била контактирана со бара ње на ден 06.11.2023 година (понеделник) да биде остварена средба, а во врска со натписите во медиумите за политички притисоци врз судиите во највисокиот суд.

Од страна на претседателката на .........суд телефонски, а потоа и писмено, претседателот на Судскиот совет бил известен дека поради претходно закажани работни ангажмани и краткиот рок на известување за средбата истата нема да биде во можност да присуствува . По овој разговор доставен бил и опсежен допис во кој се наведуваат одговори на упатената покана и се остава простор за средба, особено што ќе биде неопходно да се разгледуваат и коменти раат Извештаите на Европската комисија (кој беше обја вен на (08.11.2023 година) и на Оценската Комисија за работата на Судскиот совет, доставен на 11.12.2023 година.

Наведува дека Извештајот на Европската комисија за 2023 година е објавен на 8.11.2023 година, два дена по првично закажаниот термин за

средба и еден ден по поднесување на Барањето за поведување постапка на утврдување на одговорност на претседателката на .........суд. Во втората точка како и во образложението на барањето не се наведувало кое право, обврска и одговорност од членот 43 ЗССРСМ претседателката на .........суд има повредено, а преку тоа ги повредила и пречекорила своите законски овластувања, со најавената неможност да присуствува на средбата закажана на 6.11.2023 година. Под вакви околности останувало единствено да се претпостави дека станувало збор за истата законска одредба наведена во член 43 став 1алинеја 1ЗССРСМ, односно учество во работата на Советот.

Во барањето воопшто не се навлегувало во определување на тоа што точно се подразбирало под „учество во работата на Советот". Доколку во однос на претходната точка во бара њето се иста кнувало отсуството од седниците на Судскиот совет во наведениот период, за втората точка се упатувало на неможноста, само во еден наврат, да се присуствува на средба по покана на претседателот на Судскиот совет.

Согласно член 38 ЗССРСМ Судскиот совет работите од својата надлежност ги разгледува и за нив одлучува на седница. Дополнително со член 19 од Деловникот се регулира дека претседателот свикува и одржува работни соста ноци. Доколку внимателно се чита пока ната ќе се забележи дека таа се однесува на средба, а не за работен состанок или седница. Со оглед дека поканата не се однесувала на работен состанок или седница, ова значело дека не постоела покана за присуство на институционализирана форма за работа на Судскиот совет предвидени со ЗССРСМ или со Деловникот. Исто така, требало да се има предвид дека досегашната пра кса покажувала дека на работните состаноци членовите по функција не биле поканувани и не учествувале, барем тоа било случај со актуелната претседателка на .........суд. Поради ова средбата во конкретниот контекст имала неформален карактер имајќи предвид дека таа не претставувала институционализирана форма на работење на Судскиот совет, ниту со ЗССРСМ, ниту пак со Деловникот на Судскиот совет. Докол ку се работело за покана за работен состанок согласно Деловникот во пока ната ќе беше наведена и деловничката одредба, а не некои законски одредби кои регулираат сосема други прашања. Тоа знаелои дека присуство или отсуство од ваква средба во Судскиот совет не можело да се подведе под учество или неучество во работата на Советот.

Следствено се поставувало прашањето и се проблематизирало дали воопшто може да се тврди и наведува дека неможноста да се присуствува на средба во Судскиот совет претставувало прекршува ње на правото и обврската да се учествува во работата на Советот и пречекорување и повреда на законските овластува ња. Дали неможноста да се оди, на пример, на кафе-средба во Судскиот совет може да претставува прекршување на законските овластувања на претседателката на .........суд? Смета дека одговорот на ова прашање е повеќе од очигледен и јасен и дека нема потреба од дополни телна елабора ција.

Во барањето се истакнувало дека претседателката на .........суд со неможноста да присуствува на средбата закажана на 6.11.2023 година всушност демонстрирала „игнорантски однос" кон Судскиот совет и со тоа го попречила и оневозможила Судскиот совет да ја оствари својата основна цел, да ја обезбеди и гарантира самостојноста и независноста на судската власт. Притоа, во барањето не се наведувала ниту една специфична уставна и законска надлежност на Судскиот совет која не можела да се оствари и изврши поради неможноста претседателката на .........суд да присуствува на средбата, туку единствено се упатувало на генералната цел на основање.

Најпрво, никако не можело да стане збор за игнорантски однос кога претседателката на .........суд одговарала на телефонските повици и доставила одговор на поканата за средба во најбрз можен рок во кој многу јасно се демонстрирала подготвеноста за понатамошна дискусија во деновите и недели кои следат. Имено, во одговорот на поканата претседателката на .........суд истакнала:

„Цврсто сум убедена дека оваа недела и во следниот период, веднаш по добивањето на извештаите на Европската унија и на Оценската мисија за работата на Судскиот совет, ќе се отворат суштинските прашања за проблемите во судството, но и ќе се даде јасен патоказ за чекорите кои треба да се преземат понатаму.

Во понатамошното интервју се вели дека ова ќе преставува повод за нови работни средби и размена на мислења, со што претседателката на .........суд укажа на потребата од взаемна средба, со конкретизиран период и тема на разговор.

Извештајот на Европската комисија бил објавен на 8.11.2023 година, два дена по првично закажаната средба, и беше или требаше да биде вистински повод за понатамошна дискусија, бидејќи состојбите во судството генерално се посочуваат како посебно загрижувачки. Но, очигледно дека таква подготвеност немаше од страна на Судскиот совет имајќи предвид дека барањето за утврдување одговорност е поднесено на 7.11.2023 година и не се остави простор за реализирање на средбата.

Кога станувало збор за целта за основање и надлежноста на Судскиот совет, наведува дека тој можел да ја обезбедува и гарантира независноста на судската власт единствено во рамките на неговите надлежности предвидени со Устав и закон. Имено со член 36 ЗССРСМ не се предвидувала надлежност со која Судскиот совет е овластен да ги истражува наводите за политички притисок врз судството и да повикува на разговор или на распит судии поради јавно изнесени информации во врска со истото со цел да утврди точно за каков тип на притисок и закани станувало збор, од каде точно извираале и од кого доаѓале. За такво нешто постоеле други органи во државата со јасно утврдена надлежност. Напротив, со конкретната законска одредба која ги регулира надлежностите се предвидувало дека Советот се грижи за угледот на судиите и довербата на граѓаните кон судството. Во интервјуто претседателката на .........суд всушност укажува дека

успеале да одолеат на притисоците иако такви постојат и се состоеле од закани за разрешување, едно од уставните и за конските надлежности на Судскиот совет.

Впрочем и Декларацијата од Софија на Европската мрежа на судски совети (ЕМСС- ENCJ) уште во 2013 година јасно утврдува дека:

(vi) Суштинска задача на ЕМСС и судските совети е да ја обезбедат и зајакнат независноста на судството, особено кога таа е под закана.

Судскиот совет потребно е да ги поддржи обидите за одбивање и неутрализи ра ње на разните притисоци од центрите на моќ врз судството и да застане во одбрана на претседателката на .........суд со безрезервна поддршка во зачувува ње на независноста и н епристрасноста и со тоа да биде доследен на целта за неговото основање. Покрај останатото во интервјуто на претседателката на .........суд се наведувало:

„Политиката секогаш има потенцијал да користи влија нија на различни начини. Реално, секогаш е присутна заканата дека може да се разрешуваат судиите на .........суд и во овој правец да се користат дури и лажни вести. И затоа Судскиот совет треба да биде за штитник на судството."

Со ваквата изјава, впрочем, се упатувало на фактот за уставната и за конската надлежност на Судскиот совет и на неговата примарна функција да го заштити судството од притисоци и влијани ја.

Поради ова сосема легитимно се поставувала дилемата во која мера оправданото отсуство од средбата на која била поканета од претседателот на Судскиот совет можело да биде фактор кој го оневозможува Советот во остварување на неговата основна цел, да ја гарантира самостојноста и независноста на судството, и дали тоа навистина негативно влијаела на довербата и авторитетот на судството. Смета дека токму поведувањето на оваа постапка ја доведувала под прашање независноста на судството особено што се водела против првиот човек на судството и претседателка на највисокиот суд на државата.

Барањето за поведување на постапката за утврдување на одговорност на претседателката на .........суд е поднесено само еден ден по закажаната средба во Судскиот совет, по повод даденото интервју, на која претседателката на .........суд го образложи и оправда своето отсуство поради кратките рокови и претходно договорените ангажмани. Вистинскиот повод за самата средба и за додавање на втората точка во барањето за одговорност е интервјуто на претседателката на .........суд дадено за сакамдакажам.мк. Ваквиот заклучок станувал евидентен бидејќи интервјуто било објавено на 3.11.2023 додека барањето било поднесено на 7.11.2023 и истото во втората точ ка јасно упатувало на причините кои се поврзувале со интервјуто. Соодветно на дадениот контекст можело да се тврди дека интервјуто дефинитивно била една од главните, ако не и главната причина, за поднесување на барањето и за поведување на поста пката за утврдување одговорност на претседателката на .........суд. Всушност во образложението на барањето се нотирало дека во дописот на претседателката, со кој таа одговара на пока ната, не нило наведено ништо за претходно даден ите наводи во медиумите дека бил вршен политички притисок врз судии на .........суд во врска со аболициите на

поранешниот претседател на државата. Со ова јасно се упатувало на тоа дека барањето нило воедно поднесено и поради тоа што претседателката на Судот веднаш не му дала информации на Судскиот совет за политичките притисоци. Така што не само датумот на поднесување туку и образложението дадено за втората точка од барањето било повеќе од индикативно и упатувало на интервјуто на претседателката како една од клучните причини за постапката.

Меѓународните стандарди за слободата на изразување на судиите во последните години се значително развиени и прилично децидни. Поточно, Бангалорските принципи за судско поведени на Обединетите нации од 2002 година, Декларацијата од Софија на ЕМСС од 2013 година, Венецијанската комисија (CDL-AD(2015)018, Венецијанска комисија, Извештај за слободата на изразување на судиите, 23.6.2015 година) како и Мислењето бр. 25 на Консултативниот совет на европски судии (КСЕС) од 2022 година се недвосмислени во гарантирањето на слободата на изразување на судиите.

Бангалорски принципи 2002

„4.6. Судијата, како и секој друг гра іанин, ужива слобода на изразување, уверување, здружување и собир, но, во остварувањето на овие права судијата секогаш ќе го насочува своето поведени кон заштита на угледот на судиската функција и неприст ра сноста и независноста на судството."

Декларацијата од Софија 2013

„(vii) Утврдениот обичај според кој судиите треба да молчат за политички контроверзни прашања не треба да се применува кога интегритетот и независноста на судството се под закана. Постои колективна обврска за Европското судство јасно и цврсто да го искаже своето противење на предлозите на владите кои имаат тенденција да ја поткопаат независноста на поединечните судии или судските совети."

1158. Во согласност со Мислењата на ССЕС бр. 3 (2002)56 и бр. 18 {2015)57, КСЕС тврди дека секој судија е одговорен за унапредување и заштита на судската независност, која функционира не само како уставна заштита на судијата, туку исто така, им наметнува на судиите етичка и/ или законска должност да ја зачуваат и да зборуваат во одбрана на владеењето на правото и судската независност кога тие фундаментални вредности ќе бидат под закана. Тоа се протега и на прашањата за внатрешна и надворешна независност. "

1160. Доколку судската независност или способноста на судската власт да ја врши својата уставна улога се загрозени или нападнати, судството мора да биде издржливо и бестрашно да ја брани својата позиција. Оваа должност особено се јавува кога демократијата е во нефункционална состојба, со распаіање на нејзините фундаментални вредности, а судската независност е нападната."

Претседателката на .........суд со даденото интервју не само што ја остварила својата слобода на изразување, која се гарантирала со член 16 од

Уставот на РСМ и член 10 од Европската конвенција за човекови права, туку ја исполнила и својата обврска да застане на браникот на независноста на судството во согласност со наведените меѓународни стандарди. Иако овие стандарди упатувале на обврската на Судскиот совет да застане во заштита на судиите и судството сепак Советот одлучил да се поведе постапка за утврдување на одговорност.

Досегашната пракса на Европскиот суд за човекови права (ЕСЧП) во делот на слободата на изразување на судиите не само што ги потврдувака меѓународните стандарди туку истите дополнително ги дефинирала и квалификувача. Имено, ЕСЧП во редица на одлуки (Вилле против Лихтенштајн на Големиот совет (апликација бр.28396/95), Бака против Унгарија на Големиот совет (апликација бр.20261/12), Журек против Полска (апликација бр.39650/18), Мирослава Тодорова против Бугарија (апликација број 40072/13) итн.) јасно утврдува дека не мора да постои директен линк меѓу евентуална дисциплинска постапка и манифестирањето на слободата на изразување на судијата туку е доволно тоа да може да се заклучи од дадениот контекст. Самото поведување на постапката без оглед дали е изречена дисциплинска мерка и дал и се работи за полесна или потешка мерка, па дури и заканата од таква постапка и изрекување на мерка може да се смета за повреда на слободата на изразување. Исто така, ЕСЧП има утврдено дека нивото на заштита на слободата на изразување зависи и од статусот и позицијата на судијата во рамките на судската власт, при што судиите од повисоките инстанции или членовите на судските совети уживаат повисоко ниво на заштита. При разгледувањето на евентуалната повреда на слободата на изразување таканаречениот „ефект на одвраќање" не само на соодветниот судија туку на сите судии или пошироко во општеството игра особено значајна улога во проценување на пропорционалноста на ограничувањето на слободата на изразување на судиите.

Почнувајќи уште од првата пресуда на ЕСЧП во случајот Вилле против Лихтенштајн само заканата за одредени последици, како ускратување на можност за реизбор, или за покренување на дисциплинска постапка поради остварената слобода на изразување на судиите претставува нејзина повреда. Значи доволна е само закана за одредена последица без притоа да бидат изречени некакви санкции или дури и разрешување за да се констатира повреда на слободата на изразување на судијата. Најпознатата пресуда на ЕСЧП во однос на слободата на изразување на судиите, која се однесува на разрешување на претседател на ...... суд е познатиот случај на Бака против Унгарија на Големиот Совет (апликација бр.20261/12), каде жалителот тврдел дека бил неговиот мандат како претседател на .........суд и Националниот совет за правосудство бил прекинат поради неговите јавно изразен ставови за законодавните реформи поврзани со правосудството, со што му била повредена слободата на изразување, гарантирана со член 10 од Конвенцијата. Ставовите изразен и во оваа пресуда се целосно апликативни и за претседателката на .........суд.

Европскиот суд за човекови права го истакнувал следново:

„ 125. „. Не се работи само за правото, туку и за дол:ж:носта на апликантот да го изрази своето мислење за законодавните реформи кои го засегаат судството во својство на претседател на Националниот судски совет. Кога станува збор за пропорционалноста на мешањето, мандатот на апликантот како претседател на .........суд му престанал три и пол години пред истекот на мандатот на кој бил именуван во согласност со важечкиот закон во моментот на неговиот избор. Советот повтори дека стравот од казна имал „ефект на одвраќање" врз практикувањето на слободата на изразување и особено носи ризик од обесхрабрување на судиите да даваат критички забелешки за јавните институции или политиките на јавниот сектор [види став 101 од пресудата)„."

„168. Судот го повторува својот заклучок [види став 151, погоре] дека спорното мешање било предизвикано од ставовите и критиките кои апликантот јавно ги иска:ж:ал преку користењето на неговото право на слобода на изразување. Во врска со ова, Судот забележува дека апликантот ги изразил своите ставови за законодавните реформи во прашање во неговото професионално својство како претседател на .........суд и претседател на Националниот судски совет. Не беше само негово право, туку и негова дол:ж:ност, во својство на претседател на Националниот судски совет, да го изрази своето мислење за законодавните реформи што го засегаат судството, откако ќе ги собере и сумира мислењата на пониските судови [види став 44, погоре)„."

„173. Дополнително, предвременото раскинување на мандатот на апликантот несомнено имаше „ефект на одвраќање" во смисла дека тоа мора да го обесхрабри не само него, туку и другите судии и претседатели на судови од идно учество во јавната расправа за законодавните реформи кои влијаат на судството и пошироко гледано за прашањата што се однесуваат на независноста на судството."

Токму овие ставови изразени во пресудите на ЕСЧП јасно укажувале дека со самото поведување на постапката против претседателката на .........суд во дадениот контекст Судскиот совет ја повредувал нејзината слобода на изразување која била користена за заштита на независноста и непристрасноста на судството и поради тоа требала да ужива повисок степен на заштита. Дополнително, заканата од разрешување на претседателката на .........суд всушност праќала порака до целото судство и до сите судии дека вакво поведение не се толерира и дека истото може да ги снајде и нив. На тој начин ефектот на одвраќање дејствува многу пошироко од само претседателката на највисокиот суд во државата.

Поради сите наведени причини со кои во целост се оспоруваат наводите изнесени во барањето смета дека Судскиот совет треба согласно член 69 став 1ЗССРСМ да одлучи да ја запре постапката бидејќи е очигледно дека не постои никаков сериозен основ за одговорност на претседателката на .........суд. Ваквото ослободување од одговорност

немало да значи само зачувување на угледот и авторитетот на претседателката на .........суд и самото судството, туку во исто време ќе било позитивно за угледот и авторитетот на Судскиот совет и неговите членови со право на глас.

Во прилог достави:

1. Копии од доставници за прием на барањето од Судскиот совет
2. достава на квартални извештаи за прв, втор и трет квартал до Судскиот совет од страна на .........суд
3. достава на материјали до Судскиот совет од ......... суд на Република Северна Македонија
4. Табеларен приказ на прием на покани за закажани седници на Судскиот совет
5. Доставени покани за седниците на Судскиот совет
6. Доставени известување за оправдано отсуство на претседателката на .........суд на закажаните седници

Писменото произнесување од судијата е доставено до подносителот на ден 19.12.2023 година, а беше закажана и расправа во врска со предметното барање за ден 29.12.2023 година, за која беа уредно известени претседателката на ....суд.....и подносителот на барањето.

Претседателката на .........суд на Република Северна Македонија достави Барање во Советот бр. 10-86/7 од 12.12.2023 година и бр. 10-86/13 од 25.12.2023 година, за јавност на целокупната постапка за утврдување на одговорност на претседател на суд по поднесено барање за утврдување на одговорност на претседател на суд бр.10-86/1 од 07.11.2023 година.

Судскиот совет на Република Северна Македонија на седницата одржана на ден 26.12.2023 година, расправаше по барањето и донесе Одлука 10-86/18 од 27.12.2023 година, целокупната постапка по однос на поднесеното барање за утврдување на одговорност на претседател на суд . бр.10-86/1 од 07.11.2023 година, да биде јавна.

Претседателката на .........суд ...... со допис бр.10-86/19 од 27.12.2023 година е известена за Одлуката со која се дозволи постапката за утврдување на одговорност да биде јавна а истовремено со истиот допис и беа доставени и доказите преведени на албански јазик, согласно нејзиното барање истакнато во писменото произнесување.

На ден 27.12.2023 година, од страна на Здржението на судии до Советот пристигна допис со кој известува дека од страна на судијата Б.А. – претседател на .........суд на Република Северна Македонија било доставено барање до нив да присутвуваат на закажаната расправа со номиниран претставник од Здружението на судии и дека од новна страна е овластен судијата Џ. С. – претседател на Здружението на судии да присуствува на расправата.

Расправата закажана за ден 29.12.2023 година е одржана во присутво на претседателката Б.А., нејзиниот бранител .П.З.Ј.адвокат од Скопје и подносителот на барањето. На расправата беше присутен и преставник од Здружението на судии – судијата Џ. С. – претседател на Здружението на судии

како и останатата јавноста, новинари, претставници на невладини организации и др.

Претседателот на Комисијата побара пред започнување на расправата претседателката да се произнесе и да потврди пред Комсијата, дали и е потребен преведувач, со оглед дека истиот е обезбеден и присутен во салата. Претседателката на .........суд наведе дека ќе се послужи со македонскиот јазик и дека е согласна преведувачот да ја напушти расправата.

Претседателот на Комисијата му даде збор на подносителот на барањето м-р Миљазим Мустафа- член на Советот, кој наведе дека во период од 22.3.2023 до 30.10.2023 година Б.А. во својство на престедател на .........суд на РСМ која е член на Судскиот совет спротивно на член 43 став во врска со став 1 алинеја 1 од Законот на Судски совет на РСМ на начин што и покрај тоа што е должен да учествува на седниците и работата на Советот истата отсуствувала од седниците на Советот во континуитет на наведениот период и тоа на 442-та седница одржана на ден 22.5.2023 година па се до 462-та седница одржана на 30.10.2023 година, или вкупно на 21 седница на Судскиот совет на РСМ, па и покрај тоа што непосредно пред почетокот на некоја од седниците имала доставено известување за неприсуство сепак истото било без поткрепа со доказ за оправданост на отсуството, со што не ги извршувала законските должности и обврски. Со опишаните дејствија судијата Б.А. во својство на Престседател на .........суд на РСМ кој е член на Судскиот совет на РСМ по функција во наведениот период со неприсуство на седниците оневозможила координирано активно и ефикасно преземање на мерки и активности во рамките на Судскиот совет со цел остварување на неговите функции во насока на обезбедување и гарантирање на самостојноста и независноста на судската власт, преку остварување на своите функции согласно со Уставот и законите со што постапила спротивно на член 43 од Законот на Судски совет на РСМ и со тоа ги пречекорила и повредила законските овластувње како претседател на ....суд... во член на член 79 став 1 алинеја 1 од Законот за судовите. Понатаму, наведе дека на ден 6.11.2023 година Претседателот на ....суд.... судијата Б.А. и член на судскиот совет на РСМ по функција, постапил спротивно на член 43 став 2 во врска со став 1 алинеја 1 од Законот за Судски совет на РСМ на начин што по претходно телефонско известување од Претседателот на Судскиот совет на РСМ на ден 3.11.2023 година и писмено доставена покана за работна средба за ден 6.11.2023 година во 11,00 часот, заради разгледување на состојбата со најавениот од нејзина страна преку медиумите политички приситок врз судии на .........суд на РСМ во врска со одлучување за аболицијата на поранешниот Претседател на државата. Исто така не дошла на работната средба, а своето отсуство го најавила со писмен допис доставен до Судскиот совет непосредно пред терминот на закажаната средба, кој јавно бил објавен на Веб страната на ....суд.... Со ваквото однесување и постапување Претседателот на .........суд на РСМ кој е член на Судскиот совет по функција не само што го попречил и оневозможил Судскиот совет во остварување на основната цел, а тоа е да ја обезбедува и гарантира самостојноста и независноста на судската власт преку остварување на своите функции согласно со Уставот и законите, туку и покажала професионална и правна некултура во постапувањето и почитување на институциите во рамките на правосудниот систем, а тоа придонела за намалување на довербата на граѓаните во судството со што постапила спротивно на член 43 од Законот за Судскиот совет на РСМ и со тоа ги

пречекорила и повредила законските овластувања како Претседател на .........суд на РСМ во смисла на член 79 став 1 алинеја 1 од Законот за судовите.

Претседателот на Комисијата и даде збор на претседателката на .........суд на РСМ Б.А. која го поздрави Судскиот совет што донел одлука за јавност на постапката. Во врска со нејзиното писмено произнесување во постапката нагласи дека е во целост во линија на владеењето на паравото и дека имала силна аругментација во која во целост ја одразувала фактичката состојба во врска со предметната постапка и дека истото ќе имало клучно влијание за понатамошно водење на постапката. Денес и за периодот кој што следел токму исходот на оваа постакпата ќе ја одредела иднината на нашето судство во РСМ.

Претседателот на Комисијата даде збор на бранителот .П.З.Ј.адвокат од Скопје која изјави дека станувало збор за постапка за одговорност на Претседателот на највисокиот суд на државата и поради истото оваа постапка ги тангирала сите членови во Правосудниот систем. Постапката се водела за два основи, односно дека претседателката на .........суд не учествувала во работата односно седниците на Судскиот совет, за период од 22.5.2023 година до 30.10.2023 година односно физички не присуствувала на 21 седница. Во барањето се наведувало дека на овој начин претседателката на .........суд го оневозможила Судскиот совет координирано активно и ефикаасно да презема мекри во рамките на неговите активности и функции, а во насока на гарантирање на самостојноста и независноста на судската власт. Во моментот на подготовка на писмената одбрана на оваа постапка за одговорност, пристигнал и извештајот на Оценската комисија на ЕУ која што ја мониторирала работата на Судскиот совет и во периодот кој што е опфатен во предлгоот за утврдување на одговорност на претседателката на ...... суд. Со оглед дека истиот не бил достапен до јавноста, а по претходно писмено барање до експерите од ЕУ добиле дозвола да користат само 2 параграфи од истиот, а кој што биле во линија на нивната одбрана дека наводите во барањето се во целост неосновани. Во главата 421 која се однесувала на присуство на Министерот за правда и Претседателот на .........суд се наведувало „Претседателот на ....СУД... повеќе да не биде дел од Судскиот совет за да се обезбеди внатрешна независност на судство. Претседателот на .........суд и Министерот за правда по неодамнешните контраверзни настани во Судскиот совет неприсуствале на седниците на Судскиот совет по сопствена одлука и тоа не било прекршување на закон. Доколку Министерот за правда и Претседателот на .........суд не се членови на Судскиот совет треба да се обезбедат механизми за координација меѓу овие 3 институции, со цел да се обезбеди комуникација и соработка тоа можело да се направи на неформален начин на пример месечни состаноци на кој може да се разговара за одредени проблеми на судството или прашања од јавен интерес. Сепак важно било записниците од овие состаноци да бидат достапни на јавноста со цел да се обезбеди трансарентност“. Ова било во линија на одбраната, со која ќе гинегирале сите наводи во барањето дека претседателката прекршила одредени одредби наведени во барањето. Членот 43 кој што од Законот за Судски совет бил наведен во барањето како основ за поведување на одговорност и со наслов права обврски и одговорности на членовите на Судскиот совет каде се наведувало дека право е на член на Судскиот совет да учествува во работата на судскиот совет без да се дефинира што претставува учество во работата на советот. Од содржината во барањето ќе се забележело дека учеството на членовите на Судскиот совет во неговата

работа се поистоветувале со физичко присуство на седниците, што не требало да биде така. Видно од записниците кои што Советот ги имал доставено како прилог на барањето можело да сезаклучи дека не секој член на Судскиот совет кој што физички присуствувал на дадените седници учествувал по точките од дневниот ред односно давал иницијативи, предлози и сугестии, па затоа смета дека е спорно да се смета дека учество во работа на Судскиот совет е физичко присуство на седница. Смета дека право е на секој член на Судскиот совет да учествува во работите на Судскиот совет, но истиот не морал да биде приморен да учествува во расправите по дискусиите, предлозите, мислењата и слично. Ако се погледнел законскиот текст на Законот за Судски совет, деловникот за работа на Судскиот совет, па и Уставот на нашата држава можело да се заклучи дека не постоела специфична одредба на колку седници член на Судскиот совет може да отсуствува, како би можело да се зборува за пречекорување на службени овластувања. Даде паралела на пример во Уставот на нашата држава член 65 став 4 со одземање на пратенички мандат поради неоправдано отсуство од Собранието, е предвидено дека истиот може да биде одземен ако пратеникот неоправдано отсуствува повеќе од 6 месеци, но ваква одредба во Законот за Судски совет не постоел, па арбитрарно било да се зборува дека Претседателката на .........суд прекршила некоја законска одредба со нејзиното отсуство. Наведе дека Претседателката на .........суд е член на Судски совет по функција. Судски совет при одлучувањето требал да има во предвид која е примарната функција на Претседателката на .........суд, дека е менаџер и го раковиди највисокиот суд во државата, чија што работа била позитивно оценета и во извештај на Судскиот совет за 2022 година каде што било наведено дека судот бил ажурен. На иста линија биле извештаите за напредокот на нашата држава во Европската комисија за 2022, 2023 година цитатите биле познати на јавноста, како и извештајот на Стејт департментот за човекови права за 2022 година. Истакна дека Не можеле да се согласат со констатацијата дека не учествувала во работата на седниците на Судски совет, бидејќи оставарувала контиунирана соработка, известувала за работата на .........суд и доставувала извештаи, материјали во поглед на остварување на нејзините фунцкии, што значи дека на овој начин Советот го информирала за состојбите во правосудството, а особено за состојбите и работата на највисокиот суд во државата. Да се вели дека со неприсуството на Претедателката на .........суд на седниците било оневозможено функционирањето на Судски совет според нејзе било несериозно и можело да доведе до погрешен заклучок, а тоа е дека Советот бил неефикасно тело од 22.5.2023 година до 30.10.2023 година што било неточно. Видно од записниците можело да се види дека неприсуството на Претседателката на .........суд не било нужно за кворум за работа, не било нужно за усвојување на дневниот ред, напротив истата како член по функција во Судски совет не можела ниту да гласа за одредени точки кои биле за дневниот ред на наведените седници. Укажа дека Законот за Судски совет и Деловникот предвидувале рок во кој требало да се канат сите членови на Судски совет на седниците и тоа најмалку 7 дена пред одржување на седницата, така било по закон освен за итни неодложни седници. Видно од содржината на записниците во овој период биле одржани само 4 итни седници и сите останати биле со карактер за редовни седници за кои што поканите требале да пристигнвуаат на адреса на ...... суд најамалку 7 дена пред одржување на истата, меѓутоа само за 3 седници претседателката на ..... суд била канета во законскиот рок, за што доставиле доказ кога се упатени поканите до истата како член по функција. И покрај тоа што тие седници не биле од итен и неодложен карактер и не постоело образложение зошто е канета за седници, 2 или 3 дена пред одржување на

седницата. Наведе дека не можеле да се согласат со констатацијата дека неоправдано отсуствувала од седниците, бидејќи од содржината на седниците кои биле во прилог на барањето во голем дел од нив постоела констатација и наслов над името на Претседателката на .........суд и останатите членови оправдано отсуство и тие записници биле усвоени од страна на Судски совет. Само во мал дел од записниците стоело отсуство што значи истото водело до заклучок дека немало ни конзистентен пристап при констатацијата за отсуството и нотирање на истото во записниците. И самиот подносител на барањето навел дека за 9-ти и 10-ти месец 2023 година Претседателката на .........суд доставувала известување зошто нема да присуствува на одредена седница, па оттука нејасно е каков доказ се барало доколку истата имала службени обврски кои што паралелно требала да ги извршува како претседател на .........суд. Ваква обврска наведе дека не можела да најде во Законот на Судски совет и Деловникот, дека член на Судски совет треба да доставува и доказ за неговото отсуство. Приговараше и на дел од записниците кои биле доставени како доказ, ги имале наведено по бројки во писмениот одговор, затоа што истите не биле усвоени од Судскиот совет во моментот на доставување на барањето односно биле усвоени подоцна и сметале дека не можеле да претставуваат валиден доказ бидејќи Законот и Деловникот предвидуваат обврска членовите на Судски совет да ги верификуваат и усвојуваат записниците од сите седници. По однос на втората точка која е предмет на барањето за утврдување на одговорност наведе дека на 3.11.2023 година ден петок Претседателката на .........суд дала интервју во медиумот „Сакам да кажам“дека .........суд бил мета на притисоци да ја оживее аболијата на поранешниот претседател на државата. Со констатација дека .........суд успеал да се спротистави на притисоците. Само неколку часа по интервјуто првично телефонски била контактирана од страна на Претседателот на Судски совет со барање на 6.11.2023 ден понеделеник да се оствари средба, а во врска со натписите на медиумите. Претседателката на .........суд првично телефонски го известила претседателот на Судски совет дека поради краткиот рок на известување петок наспроти понеделник нема да биде во можноста да присуствува на средбата, но навела дека е пожелно при средбата да се разговара и за Извештајот за напредокот на нашата држава од страна на ЕУ, кој што бил предвидено да се обзнани на 8.11.2023 година што значи дека дала можноста за средба 2 дена подоцна од претходно закажаното. Истото го одговарила и во писмен допис до Судски совет, така што не можеле да се согласат со констатацијата во барањето дека станува збор за игноратски однос на Претседателката на .........суд кон Судски совет и дека покажала правна некултура бидејќи истата оставила простор да се оствари средбата и истата можела да биде остварена само 2 дена подоцна од претходно закажаното, за жал подносителот на барањето не остварил можноста за ваква средба, бидејќи ден подоцна на 7.11.2023 го поднел барањето за нејзина одговорност. Го слушав излагањето на подносителот на барањето каде што наведе дека поканата била за работна средба. Од содржината на поканата која постоела во прилог на доказите, претседателот на Судски совет зборувал само за средба која што не била институционализирана форма на делување на Судски совет, не ја поканил на седница ниту пак на работен состанок и не можело да претставува прекршување на закон ако претседателката на .........суд не се појавила само на една средба. Според нив втората точка била многу попроблематична од првата точка, бидејќи смета дека за првата точка членовите на Судски совет ќе бидат на иста линија како и експертите на ЕУ дека не постои прекршување на закон со нејзиното непристуво на седниците. Зошто според нив била попроблематично втората точка, бидејќи сметаат дека главната причина за поднесувањето на

барањето за одговорност се нејзините натписи во медиумите за притисоци во судството. Не би сакале да веруваат дека тоа е главната причина. Наведе дека претседателката на .........суд со нејзиното интервју го оставрила нејзиното уставно право предвидено во член 16 како и член 10 од Европска конвенција за човекови права. Ова не било само право на претседателката на .........суд туку било и нејзина обврска да застане на браникот на независноста на судството во согласност со сите меѓународни стандарди. Во одговорот имале наведно бројни документи, но кратко се осврна на неколку случаи за Европското право. Имаме 4 случаи за Европското суд за човекови права каде се утврдува повреда на човековите права. Два од нив биле донесени од Големиот совет. За сите 4 случаи генерално ставот на судот е дека самото поведување на дисциплинска постапка без разлика дали ќе биде изречена мерка или не тоа ќе зависело од сите членови на Судски совет, па дури и самата закана дека на некој ќе му се поведе ваква постапка, може да претставувало повреда на слободата на изразување. Европскиот суд за човекови права особено им давал заштита на носителите на високи функции во правосудниот систем како што е Претседател на ..... суд и таков  бил предметот на „Бака против Унгарија“ кој што бил целосно апликативен како и случајот на Претседателката на .... суд. Еврпскиот суд навел „ дека стравот од казна има ефект на замолчување и ризик од обесхрабрување на судиите да даваат критички забелешки, односно дека ваков вид на постапки можат да ги обесхрабрат и другите судии како и претседатели на судови да земат јавно учество во расправи за прашања од судството“. Затоа истакна дека верува дека Судски совет кога ќе одлучува во поглед на одговорноста на Претседателката на .........суд ќе имал предвид каква порака ќе испрати во судската власт. Смета дека најцелисходно, но тоа ќе зависило сепак од членовите на Судски совет со право на глас оваа постапка да се заврши со Одлука за запирање, да се запре, затоа што само на овој начин прво ќе се зачувал угледот и авторитетот на Претседателката на .........суд, а  на истото ќе било позитивно гледано и за угледот и авторитетот на Судски совет како тело кое што е гарант за независноста на судството. Истакна дека тука станува збор за разрешување на Претседател на суд која постапка била уредена со Законот за судовите и каде за да биде разрешен претседател на суд требало кумулативно да бидат исполнети два услови, да постои злоупотреба на службените овластувања и пречекорувања на службените овластувања. Со дејствијата кои се ставале на товар на Претседателката на .........суд немало ниту злоупотреба ниту пречекорувања на службените овластувања и затоа смета дека не постоел никаков сериозен основ за одговорност на Претседателката на .........суд. Заврши со реченицата: Верувам во Судски совет и во интегритот на угледот на членовите на Судски совет и дека при одлучувањето ќе ги имаат предвид сите аргументи кои ги дале и во одговорот на барањето и на денешната расправа и дека со Одлук на Советот ќе се упатела генералната порака до сите судии е дека Советот е нивни заштитник, а не обратно.

Подносителот на барањето наведе дека ќе се осврне на сите наводи на претседателката доставени во одговорот на барањето кое што му било доставено од страна на претседателот на комисија на 19.11.2023 . Прво се заблагодари на претседателката што прифатила присуство на јавноста  на постапката која ќе се водела во Судски совет по поднесеното барање за утврдување на одговорносга. Тоа било добар основ за јавноста да биде информирана за целиот тек на потапката и за наводите за кои истата била покрената. Пред да започне со одговорит, реагираше за пристапот на

претседателката на ..... суд и нејзината бранителка да се дава посебност на оваа постапка со оглед на фактот дека се работи за постапка за утврдување на одговорност на Претседателот на .........суд, бидејќи со токму овие намери се доведувало до прашање нарушување на принципот на еднаквост на сите граѓани пред законот и пред судот. Наведе дека во одговор на претседателката биле содржани повеќе контрадикторности од кои јасно се гледала намерата на претседателот на .........суд единствено да го оправда своето недоаѓање и неприсуство на седниците. Согласно член 12 став 1 од Деловникот за работа на Судски совет истата била должна не само да го извести Судски совет за своето неприсуство на седниците туку и да ги изложи причините за истото, меѓутоа за тоа ниту еднаш немале добиено никаков доказ. Понатаму, Претседателот на .........суд се повикувал на Извештајот на Европската комисија од 11.12.2023 година, кој што бил донесен по покренување на барањето за утврдување на одговорност, според кој се препорачува во иднина претседателот на .........суд да не биде член на Судски совет како и дека неприсуството на членовите по функција не е прекршување на закон. Извештаите на Европска унија и другите меѓународни тела несомнено се важни за следење на работата на правосудните органи, меѓутоа наведе дека во нашата државата правата и обврските за сите граѓани произлегуваат од Уставот, законите, подзаконските акти и меѓународните договори ратификувани согласно Уставот. Во моментов наведе согласно нашите позитивни законски прописи членовите на Советот по функција биле дел од Судски совет и како такви требало да учествуваат во работата на истиот. Дотолку повеќе што во самиот извештај на кој се повикувал Претседателот на .........суд се наведувала важноста на Министерството за правда и .........суд во правосудниот систем и дека во иднина доколку се усвои препораката Министерот за правда и Претседателот на .........суд да не се членови на Судски совет, сепак да се обезбедат механизми за координација меѓу овие 3 институции со цел да се обезбеди комуникација и соработка, па дури тоа можело да се направи и на неформален начин преку месечни состаноци. Согласно наведеното постави прашање до претседателката на .........суд која се повикувала на препораките на Европската комиија, „дали се обидела да оствари средба или било каква комуникација со Претседателот на Судски совет или било кој од членовите на Судски совет во насока на решавање на определените проблеми во судството и прашање од јавен интерес“.

Претседателката на .........суд наведе дека имала комуникација со претседателот на .........суд а препораките биле далекусежни и тие биле препораки кои во иднииот период би требало да се применат. Како претседател укажала до претседателот на Судскиот совет дека ќе се остварила работна средба односно на седница на која претседателот на .........суд ќе присустувал, и рекла дека било дискутирано на телефон и договарано средба со претеседателот на Судски совет.

Подносителот на барањето наведе дека на страна 4 пасус 3 од одговорот на барањето доставено од страна на Претседателот на .........суд се наведувало дека занемарување на извршување на функцијата во работата на Судски совет согласно член 34 став 1 алинеја 2 дека не било основ за разрешување на претседател на ...... суд....., потенцираше дека барањето за утврдување на одговорност било засновано на одредбата од член 43 став 2 во врска со став 1 од Законот за Судски совет и никаде во барањето не се спомнува член 34 став 1, бидејќи истата одредба се однесувала на дисциплинска постапка на член на Судски совет. Во конкретниот случај се работело за постапка за утврдување на

одговорност на претседател на судот. Понатаму во однос на тврдењето дека подносителот на барањето се обидувал да го стесни значењето на поимот учество на работата на Судски совет и дека било неточно тврдењето дека претседателот на .........суд во континуитет не учествувала во работата на Судски совет и ја праша „Претседателката на .........суд да ни појасни на кој начин учествувала во работата на Судски совет особено имајќи ја предвид одредбата од член 43 во која е наведено кои се правата и обврските на членовите на Судски совет вклучувајќи ги и членовите по функција“

Претседателката на .........суд наведе дека не значи само физичко присуство на претседателот туку се што е побарано од страна на претседателот имала комникиацја писмено дали биле тие пишани извештаи кои се однесувале на кварталните извештаи, обсежни извештаи кои биле побарани од страна на претседателот на Судски совет. Во ниту еден случај не била попречена работата на Судски совет се што било побарано од страна на претседателот на РСМ е доставено. Сите случувања што се случиле во Судски совет биле демотивирачки на професионален план и јавно укажала дека требала да се консолидира состојбата во Судски совет и се знаела констатацијата, „консолидацијата и препораките на ЕУ“.

Подносителот на барањето во продожение укажа дека и во делот насловен континуирана соработка на претседателката на .........суд со Судски совет каде претседателката наведува дека во нејзиното учество и соработка со Судски совет доставувала квартални и годишни ивештаи за работата на Судски совет. Потсети дека тоа е законска обврска на сите претседатели на судови опфаќајќи ги претседателите на основните, Апелационите судови, па и на претседателот на .........суд. Во овој поглед претседателката на .........суд не презела никакви чекори како член по функција на Судски совет и одговорно потврди дека истата немала никаква соработка со Советот. По однос на наводите дека согалсно член 79 став 1 алинеја 1 од Законот за судовите дека било потребно кумулативно да бидат исполнети два услови и тоа злоупотреба на положбата и пречекорување на службените овластувања, а не повреда на законските овластувања како што е наведено во неговото барање, на претседателката и предочи извадок од Службен весник бр.96/2019 два примерока за комисијата додека другиот го достави на претседателката. Со оглед на фактот дека Претседателот на ...... суд немала абдејтирана верзија на измените на законскиот пропис, посебно на Законот за судови кој можеби бил најбитен закон во областа на судството. Во однос на поканите и закажаните седници надвор од законскиот рок и ова било едно од оправдувањата на Претседателот на ..... суд како и ред други што ги имала наведено во одговорот на барањето составено од 18 страни. Во однос ја праша претседателката на .........суд „дали од принципиелни причини баш поради ненавремено доставување на поканите не учестувала на седниците на Судски совет“.

Претседателката на .........суд наведе дека нема потреба од одговор дадено било писменото известување.

Подносителот на барањето наведе дека со оглед на фактот дека претседателката на ..... суд не одговара на прашањето пред комисијата доставуви копија односно извадок од Архивата на Судски совет за доставување на поканите за присуство на седница и тоа за седница бр.412 доставена на 16.8.2022 година, а седницата била одржана на 18.8.2022 година, значи веднаш

наредниот ден каде претседателката Б.А. била присутна на истата седница. Исто така и за седницата 428 од 25.1.2023 година каде што претседателката била присутна на седница, а била поканета на седница во рок пократок од 7 дена. Исто така ја извести комисијата, а и претседателката на ...... суд дека поканите до претседателот на .........суд се праќаат истиот ден заедно со материјалите кога се праќаат и до другите членови на Судски совет. Во одговорот на барањето претседателката наведува, а и законот тоа го потенцирал дека поради итност поканите односно седниците можеле да се одржат и во пократок рок од 7 дена. Во однос на вториот дел од барањето на ден 3.11.2023 година откако Судски совет се запознал со содржината на интервјуто на претседателот на ...... суд дадено за порталот „СДК.МК" на тој начин за првпат се информирал дека постојат притисоци врз судиите на .........суд, па постапувајќи согласно една од своите основни надлежности, а тоа е обезбедување и гарантирање на самостојноста и независноста на Судската власт, ја повика претседателката на ..... суд за изворно од неа да се информира за истото и во рамките на своите надлежности да преземе соодветни мерки, но наведе дека е претседателката не дошла на истиот состанок, и ја праша „Дали ќе ги каже причините зошто".

Претседателката на .........суд наведе дека не одбила средба со Судски совет но одбила средба за конкретниот ден за 6.11.2023 година зашто требало да бидат свесни дека претседателот на судот има и други обврски од претходно закажани. Оставила простор во соопштение кое го доставила, и укажала дека во претстојниот период ќе се најдел начин и можеле да дискутираат на седница за многу прашања што го тангираат судството и не требало во овој случај да се минимиззираат обврските од претседателот на .........суд од 6.11.2023 кои биле претходно закажани. Оставила простор и можност да во наредниот период се сретнат, дури и со претседателот се договарале да се сретнат, но наредниот ден на претседателот на .........суд веќе му било поднесено барање за поведување на постапка.

Бранителот на претседаетлката наведе дека од страна на подносителот на барањето до Комисијата и еден примерок до одбраната биле доставени извадок од приматeл од книга на приемен во прилог записник од 3.1.2023 година и извадок од приемна книга и записник од 412 седница на Судски совет. По однос на овие докази побара произнесување. Прво наведе дека приговара на денес доставените докази, бидејќи првиот примерок им бил доставен за седници кои биле одржани во период од 2022 година, а вториот примерок е за седници од 1-ви месец 2023 година кој период не е утврден во барањето за воведување на одговорнсот и смета дека комисијата не треба да ги цени овие докази. Во поглед на сега искажаното од страна на подносителот на барањето дека претседателката на .........суд го повредила член 12 од деловникот, укажа на следното дека членот 12 предвидува дека претседателот на Судскиот совет го констатира присуството и отсуството на членовите на Судски совет со излагање на причините за членовите кои не се присутени на седницата и видно од дел од записниците претседателот на Судски совет ги констатирал причините поради кој претседателката на .........суд не била присутна на седниците, а овој член не подразбирал обврска за ниту еден член, не е само за претседателката да доставува докази зошто истиот не бил присутен. Во поглед на втората точка дека претседателот на Судски совет оваа средба ја закажал за изворно да се информира од претседателката на .........суд за притисоците и да преземе мерки во рамки на своите надлежности, наведе дека надлежностите на Судски совет се

регулирани со член 36 од Законот за Судски совет каде што се предвидувало дека ова тело се грижи за угледот на Судската власт, па ниту во еден момент не можело да се каже дека Судски совет има надлежност да истражува наводи за политички притисоци врз судството и да повикува на разговор судии поради јавно изнесени информации и дека постојат други надлежни органи.

Подносителот на барањето наведе дека со оглед на тоа дека претседателката на ...... суд не присуствувала на работниот состанок на кој што била повикана да присуствува на датум 6.11.2023 година во ниту еден момент после тоа не покажа интерес за друга средба и покрај тоа што наведува дека го очекувала извештајот на Европската комисија кој што бил доставен на 11.11.2023 година, а барањето за одговор и материјали односно кога првпат претседателката на ..... суд официјално била запознаена за постапка против нејзе е датумот 29.11.2023 година. Значи во овој период од 6 до 29.11.2023 година претседателката немала официјални информации дека против нејзе се води било каква постапка во Судски совет. Во интервјуто дадено во наведениот портал на прашањето како изгледаат тие притисоци? Со уцени за разрешување ли? Ја цитираше претседателката: Политиката секогаш има потенцијал да користи влијанија на различни начини, реално секогаш е присутна заканата дека може да се разрешат судиите на .........суд и во овој правец да се користат лажни вести и затоа Судски совет треба да биде заштитник на судството". На прашање на подносителот на барањето како ќе биде Судски совет заштитник од вакви притисоци ако нема конкретни информации за какви се тие притисоци.

Претседателкот наведе дека како што навел нејзиниот бранител, Судски совет има надлежност да го штити угледот на судтвото и да ја гарантира независноста на судството, односно да има превентивна улога да не се случат политичките влијанија. Напротив таа во нејзиното интервју гарантирала на нејзиниот ингегритет и на интегритетот на судиите на .........суд и дека немало да дозволат било какви надворешни влијанија. Наведе дека е судија повеќе од 30 години во судството и многу добро ги знаела процесните закони и знаела како одат овие постапки и секако ја знаела поставеноста на правосудниот систем. Кога генерално се велело било кој од нас не сум ни прва ни последна што тоа го кажала имало и други судии на .........суд и од други чинители тоа било укажано во релевантните извештаи и за такво нешто биле надлежни и др. правосудни органи. Судскиот совет требал да биде брана. Таа била подготвена да дојде на средба. Наведе дека не стојат наводите дека таа не покажала интерес и после тоа да се слушне со претседателот на Судски совет истиот и укажла дека на колегиум на Судски совет не му дозволиле да оствари средба. Така и кажал дури ја прашал претходно дали може со координаторот да дојде му одговорила повели дојди и со координаторот и со кој било друг член во Судски совет после тоа се јавил во 15 часот и кажал дека не му дозволиле да дојде. Од медиумите разбрала дека е поднесено барања за поведување на постапката за нејзина одговорност.

Подносителот на барањето приговараше на наводите на претседателот и дека се користи со шпекулации и непотврдени информации во однос на изнесени неформални разговори од страна на претседателот на Судски совет. Наведе дека не ги знаеле намерите на претседателката на ..... суд за тоа дали таа планирала од некој иден неодреден период да присуствува и да покаже интерес за средба во

Судски совет во однос на наводите изнесени во јавноста за притисок врз судиите на .........суд, меѓутоа до ден денес а и денес на оваа расправа претседателката на ..... суд не дала конкретни информации за какви притисоци станувало збор. Со оглед на наводите во одговорот дека Судски совет не бил istражен орган ја праша претседателката „дали по однос на овие наводи ги има известено надлежните органи т.е. јавното обвинителство или некој друг надлежен орган на нашата држава". Претседателката одговори дека Претседателот на .........суд постапува во постапка предвидена со закон.

Подносителот на барањето наведе со оглед на фактот дека не добил одговор на наведеното конкретно прашање, имајќи го предвид фактот дека претседателката на .........суд доаѓа од редот на граѓански судии, и обрна внимание на неколку одредби од законите од кривичната област. Најпрво и укажа на членот 368а насловен како попречување на правдата и поконкретно ставот 5 до овој член во кој е наведено дека тој што со сила сериозна закана или ветување, нудење или давање некаква корист ќе влијае врз судија да преземат или да не преземат со закон предвидени дејствија во постапка пред суд, спротивно на неговата службена должност и овластување или го попречува вршењето на таквите дејствија, ќе се казни со затвор од една до десет години. Согласно оваа одредба притисоците врз судиите се сериозно кривично дело, па затоа е потребно истите да бидат пријавени до Јавното обвинителство како орган надлежен за гонење на кривичните дела. Дотолку повеќе што согласно член 273 од Законот за кривичната постапка сите државни органи се должни да ги пријават кривичните дела за кои се гонат по службена должност, за кои се известени или за нив дознале на друг начин, па оттука можеме да констатираме дека за било какви притисоци претседателката била задолжена да го пријави случајот. Во однос на поканата за работниот состанок во одговорот на барањето наведувала дека не била ниту седница ниту работен состанок, и ја потсети дека станувало збор за особено итно и сензитивно прашање кое било неопходно да се расчисти во најкус можен рок. Имајќи ја во предвид тежината на нејзината изјава дека се прави притисок односно дека некој им се заканува на судиите во .........суд дека ќе ги разреши, а според законот и уставот единствениот орган за избор за разрешување на судии бил Судски совет. Со таквата изјава во јавноста создала паника и несигурност, а исто така и кај судиите, бидејќи доколку некој прави притисок и се заканува дека ќе ги разреши судиите на .........суд на РСМ, тогаш што останувало за судиите од пониските судови. Поради тоа Судски совет чувствувал потреба веднаш да реагира и од тие причини ја поканил на средба а не на кафе средба како што ја анализирала поканата во нејзиниот одговор, со цел да ја заштите како Претседател на .........суд и колегите судии од истиот суд. Наведе дека на Судски совет сеуште не му било јасно зошто оваа покана за средба била доживувана како уште еден начин за врешење на дополнителен притисок. Поканата била доставена во прилог на барањето, а остана Комисијата и јавноста да ја цени намерата на истата. По однос на неприсуството на претседателот на .........суд на наведената средба дека токму таквото неприсуство и недоставување на конкретни податоци за тоа за каков притисок се работи и од кого доаѓа истиот го спречувала и оневзоможувала Судски совет да преземе мерки за заштита и гарантирање на самостојноста и независноста на судската власт.

Особено ако се имала во предвид и декларација од Софија на Европската мрежа на судските совети на која се повикувала и самата претседателка каде стои: „Суштинска задача на судските совети е да ја обезбедат и зајакнат независноста на судството“ нагласи дека суштинска задача на судските совети е да ја обезбедат и зајакнат независноста на судството особено кога тоа било под закана. Судски совет имал токму за цел да ги поддржи обидите за одбивање и неутрализирање на разните притисоци од центрите на моќ врз судството и да застане во одбрана на претседателот на .... суд па токму затоа ја иницирале средбата од 6.11.2023 година на која се очекувало дека со заеднички придонеси и соработка со првиот човек на највисокиот суд во државата ќе им се спротивставaт на сите обиди за притисок и влијание врз било кој член на судската фела. Во однос на наводот дека токму поведувањето на оваа постапка ја доведувала во прашање независноста на судството, бидејќи истата се води против „првиот човек на судтвото и претседателка на навискиот суд на државата“потсети дека законските правила важат подеднакво за сите. По однос на наводите за повреда на слободата на изразување тоа воопшто не било дел од барањето, па затоа смета дека нема потреба да навлегува и елаборира со оглед дека истото не било дел од барањето, а исто така бидејќи ова право во ниту еден момент ниту било повредено ниту ограничено од страна на Судски совет.

Бранителот наведе дека ја интерсира од каде се сигурни дека наводите за притисоци не се веќе пријавени и искомуницирани со надлежниоте органи и дека надлежните органи немаат поведено постапка по допрен глас. Воедно укажува дека ако е отворено ваков вид постапка, таа има карактер во предистажна постапка која е вотајност и дека се занело што е повреда на тајност на предистражна постапка. По однос на наводот дека не постоел интерес кај претседателката на .........суд за да оствари средба, праша „Постоеше ли таков интерес кај Судски совет“, таа не гледала дека во било кој од дневните редови на седниците кои ги имале одржано во овој период Судски совет ставил точка на дневен ред поврзана со овие наводи, ниту пак двата извештаи за кои зборувале биле ставени на дневен ред. Поодност на тоа дека ја повикале претседателката на .........суд на средба за да ја заштитат, укажа дека во интервјуто кое било дадено во „САКАМ ДА КАЖАМ“ ако се читало внимателно претседателката навела дека како суд успеале да одолеат на присоците и се справиле со притисоците, па оттука нејасно и била намерата да се повикува претседателката на ..... суд со наводно опрадание дека сакале да ја заштитат. Постави едно прашање реторичко, „дека секој од вас треба да се запраша какви мерки како Судски совет донесовте или преземавте кога други судии зборуваат за притисоци врз нивната работа а за истото говореле и двајца членови на Судски совет.

На прашање на член на Комисијата м-р Селим Адеми „за кои птитисоци мисли“.

Бранителот наведе дека мисли на поранешната претседателка Павлина која говореше за судски бизнис интереси и влијанија.

Претседателот на Комисијата констатира дека членовите на Комисијата немаат други прашања и во Доказна постапка:

Се читаа и се вршеше увид во доказите предложени од подносителот на барањето и тоа:

- Одлука на Судскиот совет на РСМ бр.09-309/1 од 12.02.2021 год;
- Покана бр.03-2152/1 од 03.11.2023 год;
- Одговор на покана Су-03.бр.754/23 од 06.11.2023 год;
- Увид во записници од одржаните седници на Судскиот совет на РСМ, и тоа од 442 до 462 седница;

Од листа на докази доставени од страна на Претседател на ..... суд се читаа и се вршеше увид во предложените докази од страна на претседателката на .........суд на РСМ во Писменото произнесување по Барањето за поведување на постапка за утврдување на одговорност на претседател на суд, заведено во Советот под бр.10-86/7 12.12.2023 година, и тоа

- доставница за прием на барање од Судскиот совет бр.10-86/5 од 29.11.2023 година , со дата на прием 04.12.2023 година.
- приемен печат на ....суд...СУ03.бр.735/23;
- известување на Кабинетот на претседателот на .........суд на РСМ од 3 30.10.2023 година, испратено на електронската адреса на Судскиот совет;
- Дневен ред за 462-та седница на Судскиот совет бр.02-2102/23-2 од 26.10.2023 година, заведено во .........суд под Су.бр.735/23 од 26.10.2023 година- на македонски јазик и албански јазик;
- од е- маил испратен на електронската адреса на .........суд од 26.10.2023 година во12,40 часот, во прилог со покана за 462-та седница на Судскиот совет;
- е-маил испратен на електронската адреса на .........суд од 26.10.2023 година во 10,47 часот, во прилог со извештај за конечнаранг илс и Предлог ранг листа, заведен во .........суд под СУ03 735/23 од 27.10.2023 година;
- писмо на Судскиот совет бр.02-2102/23-2 од 26.10.2023 година;
- извештај со конечна ранг листа на кандидати за избор на 8 (осум) судии на АС Скопје, бр. 09-1698/30 од 27.10.2023 година;
- предлог ранг листа на кандидати за избор на 4 судии на АС Скопје за граѓанска област бр.09-1698/2 од 04.09.2023 година;
- предлог ранг листа на кандидати за избор на 4 судии на АС Скопје за кривична област бр.09-1698/3 од 04.09.2023 година:
- приемен печат на ....суд...СУ03.бр.705/23 од 13.10.2023 година;
- известување на Кабинетот на претседателот на .........суд на РСМ од 18.10.2023 година, испратено на електронската адреса на Судскиот совет;
- Дневен ред за 460-та седница на Судскиот совет бр.02-1983/23-2 од 12.10.2023 година, заведено во .........суд под Су.бр.705/23 од 13.10.2023 година- на македонски јазик и албански јазик;
- приемен печат на ....суд...СУ03.бр.704/23;
- известување испратено од Советот на 20.10.2023 година до кабинетот на претседателот на .........суд, Су.бр.704/23 од 20.10.2023 година;

- Дневен ред за 461-та седница на Судскиот совет бр.02-1999/23-2 од 13.10.2023 година, заведено во .........суд под Су.бр.704/23 од 13.10.2023 година- на македонски јазик и албански јазик;
- писмо на Судскиот совет бр.02-1999/23-2 од 13.10.2023 година;
- приемен печат на ....суд...СУ03.бр.696/23;
- известување испратено на електронската адреса на Советот од кабинетот на претседателот на .........суд од 10.10.2023 година;
- Дневен ред за 459-та седница на Судскиот совет заведено во .........суд под Су.бр.696/23 од 10.10.2023 година- на македонски јазик;
- листа - судии за пензионирање за 2023 година;
- листа - мандат на претседатели на судови;
- приемен печат на ....суд...СУ03.бр.688/23;
- известување испратено на електронската адреса на Советот од кабинетот на претседателот на .........суд од 06.10.2023 година;
- емаил за дополнителен материјал доставен до кабинет на претседателот на .........суд за првата точка на 357-та седница од 06.10.2023 година, заведен во В су дпод СУ03,вр,688/23 од 06.10.2023 година;
- Дневен ред за 457-та седница на Судскиот совет бр.02-1922/23-1 од 04.10.2023 година, заведено во .........суд под Су.бр.688/23 од 05.10.2023 година- на македонски јазик и албански јазик;
- писмо на Судскиот совет бр.02-1922/23 од 04.10.2023 година;
- приемен печат на ....суд...СУ03.бр.668/23;
- известување испратено на електронската адреса на Советот од кабинетот на претседателот на .........суд од 27.09.2023 година;
- Дневен ред за 456-та седница на Судскиот совет бр.02-1849/23-2 од 22.09.2023 година, заведено во .........суд под Су.бр.668/23 од 22.09.2023 година- на македонски јазик и албански јазик;
- писмо на Судскиот совет бр.02-1849/23 од 22.09.2023 годинам со приемен печат на ..... суд СУ03.бр.668/23 од 22.09.2023 година;
- приемен печат на ....суд...СУ03.бр.667/23;
- известување испратено на електронската адреса на Советот од кабинетот на претседателот на .........суд од 25.09.2023 година;
- Дневен ред за 455-та седница на Судскиот совет бр.02-1843/23-2 од 21.09.2023 година, заведено во .........суд под Су.бр.667/23 од 22.09.2023 година- на македонски јазик и албански јазик;
- писмо на Судскиот совет бр.02-1843/23 од 21.09.2023 година со приемен печат на ..... суд СУ03.бр.667/23 од 22.09.2023 година;
- приемен печат на ....суд...СУ03.бр.637/23;
- известување испратено на електронската адреса на Советот од кабинетот на претседателот на .........суд од 13.09.2023 година;
- Дневен ред за 454-та седница на Судскиот совет бр.02-1747/23-2 од 07.09.2023 година, заведено во .........суд под Су.бр.637/23 од 07.09.2023 година- на македонски јазик и албански јазик;
- писмо на Судскиот совет бр.02-1747/23 од 07.09.2023 година;
- приемен печат на ....суд...СУ03.бр.619/23;
- известување испратено на електронската адреса на Советот од кабинетот на претседателот на .........суд од 05.09.2023 година;
- Дневен ред за 453-та седница на Судскиот совет, заведено во .........суд под Су.бр.619/23 од 04.09.2023 година- на македонски јазик;
- ранг листи бр.03-711/10 од 21.07.2023 година и бр.09-711/9 од 21.07.2023 година;,

- Дневен ред за 453-та седница на Судскиот совет бр.02-1702/4 - на албански јазик;
- приемен печат на ....суд...СУ03.бр.608/23;
- Дневен ред за 452-та седница на Судскиот совет бр.02-1637/23-2 од 23.08.2023 година, заведено во .........суд под Су.бр.608/23 од 23.08.2023 година- на македонски јазик и албански јазик;
- писмо на Судскиот совет бр.02-1637/23-2 од 23.08.2023 година заведено во .........суд под Су.бр.608/23 од 23.08.2023 година;
- приемен печат на ....суд...СУ03.бр.575/23;
- емаил- покана за седница испратена на електронската адреса на кабинетот на претседателот на .........суд од 25.07.2023 година;
- Дневен ред за 451-та седница на Судскиот совет бр.02-1503/23-2 од 24.07.2023 година, заведено во .........суд под Су.бр.575/23 од 25.07.2023 година- на македонски јазик;
- писмо на Судскиот совет бр.02-1503/23 од 25.07.2023 година;
- приемен печат на ....суд...СУ03.бр.567/23;
- емаил- покана за седница испратена на електронската адреса на кабинетот на претседателот на .........суд од 20.07.2023 година;
- Дневен ред за 450-та седница на Судскиот совет бр.02-1487/23-2 од 20.07.2023 година, заведено во .........суд под Су.бр.567/23 од 20.07.2023 година- на македонски јазик и албански јазик;
- писмо на Судскиот совет бр.02-1487/23-2 од 20.07.2023 година;
- приемен печат на ....суд...СУ03.бр.523/23;
- емаил-покана за седница испратена на електронската адреса на кабинетот на претседателот на .........суд од 06.07.2023 година;
- Дневен ред за 449-та седница, заведена во .........суд под Су.бр.523/23 од 06.07.2023 година- на македонски јазик;
- приемен печат на ....суд...СУ03.бр.508/23;
- Дневен ред за 447-та седница на Судскиот совет бр.02-1331/23-2 од 29.06.2023 година, заведено во .........суд под Су.бр.508/23 од 30.06.2023 година- на македонски јазик;
- писмо на Судскиот совет бр.02-1331/23 од 29.06.2023 година;
- приемен печат на ....суд...СУ03.бр.509/23;
- Дневен ред за 448-та седница на Судскиот совет бр.02-1333/23-2 од 29.06.2023 година, заведено во .........суд под Су.бр.509/23 од 30.06.2023 година- на македонски јазик;
- писмо на Судскиот совет бр.02-1333/23 од 29.06.2023 година;
- приемен печат на ....суд...СУ03.бр.503/23;
- Дневен ред за 446-та седница на Судскиот совет бр.02-1303/23-2 од 22.06.2023 година, заведено во .........суд под Су.бр.503/23 од 22.06.2023 година- на македонски јазик и албански јазик;
- писмо на Судскиот совет бр.02-1303/23 од 22.06.2023 година;
- приемен печат на ....суд...СУ03.бр.463/23;
- емаил- покана за седница испратена на електронската адреса на кабинетот на претседателот на .........суд од 07.06.2023 година;
- Дневен ред за 444-та седница, заведена во .........суд под Су.бр.463/23 од 07.06.2023 година- на македонски јазик;
- приемен печат на ....суд...СУ03.бр.489/23;
- Дневен ред за 445-та седница на Судскиот совет бр.02-1238/23-2 од 13.06.2023 година, заведено во .........суд под Су.бр.489/23 од 13.06.2023 година- на македонски јазик и албански јазик;
- писмо на Судскиот совет бр.02-1238/23 од 13.06.2023 година;

- приемен печат на ....суд...СУ03.бр.437/23;
- Дневен ред за 443-та седница на Судскиот совет бр.02-1114/23-3 од 26.05.2023 година, заведено во .........суд под Су.бр.437/23 од 26.05.2023 година- на македонски јазик и албански јазик;
- писмо на Судскиот совет бр.02-1114/23 од 26.05.2023 година,
- приемен печат на ....суд...СУ03.бр.416/23;
- Дневен ред за 442-та седница на Судскиот совет бр.02-1045/23-2 од 17.05.2023 година, заведено во .........суд под Су.бр.416/23 на македонски јазик и албански јазик;
- писмо на Судскиот совет бр.02-1045/23 од 17.05.2023 година;
- емаил-покана за седница испратена на електронската адреса на кабинетот на претседателот на .........суд од 17.05.2023 година;
- Барање за пополнување на табела за прв квартален извештај за 2023 година испратен ан елекоронската адреса на кабинетот на претседателот на .........суд од 11.05.2023 година;
- Извештај за прв квартал 2023 година СУ-01.бр.4/23 од 23.05.2023 година, испратен на електронската адреса на Советот на ден 23.05.2023 година;
- Барање за пополнување на табела за втор квартален извештај за 2023 година испратен на електронската адреса на кабинетот на претседателот на .........суд од 14.09.2023 година;
- Извештај за втор квартал 2023 година СУ-01.бр.5/23 од 10.10.2023 година, испратен на електронската адреса на Советот на ден 10.10.2023 година:
- Барање за пополнување на табела за трет квартален извештај за 2023 година испратен ан електорнската адреса на кабинетот на претседателот на .........су дна РСМ од 07.11.2023 година;
- Извештај за трет квартал 2023 година СУ-01.бр.6/23 од 01.12.2023 година, испратен на електронската адреса на Советот на ден 01.12.2023 година:
- приемен печат на ....суд...СУ03.бр.514/23;
- повратница за достава на известување бр.05-24/1, со дата на прием од 11.07.2023 година;
- известување Су03.бр.514/23 од 07.07.2023 година,;
- Барање податоци бр.05.24/1 од 04.07.2023 година, заведен во ..... суд Су03.бр.514/23 од 04.07.2023 година;
- емаил- известување за фиксна телефонија испратено на електронската адреса јавни набавки на 07.07.2023 година;
- емаил- известување корегирано испратено на елатронската адреса јавни набавки на 1307.2023 година;
- техничка спецификација;
- Решение за изборен одбор бр. 07-14/1 од 06.07.2023 година, заведено во .........суд под СУ03.бр.524/23 и копија од емаил за извршена достава од 06.07.2023 година,;
- емал испратен на електронската адреса Советот од кабинетот на претседателот на .........суд од 07.07.2023 година ;
- емал испратен на електронската адреса Советот од кабинетот на претседателот на .........суд од 10.07.2023 година
- список на судии во .........суд;
- Известување бр. 07-25/1 од 11.07.2023 година , од Комисијата за избори, заведено во .........суд под СУ03-524/23 од 11.07.2023 година,

- емаил испратен од кабинетот на претседателот на .........суд од 10.07.2023 година, во врска со податоци за претседателот на избирачкиот одбор,
- емаил испратен до кабинетот на претседателот на .........суд од 06.07.2023 година, во врска со податоци за претседателот на избирачкиот одбор;
- повратница СУ.бр.525/23 од 25.09.2023 година за достава на Заклучок со мислење за потребни судиски места и судски сулужбеници во .........суд;
- Заклучок со мислење за потребни судиски места и судски сулужбеници во .........судСУ-03.бр.525/23 од 25.09.2023 година;
- табеларен приказ на предвидени и пополнети работни места во 2023 година;
- Информација испратена до Општа седница на .........суд за потребни судиски места и судски службеници во .........суд;
- Барање мислење бр 02-1379/1 од 07.07.2023 годона заведено во .........суд под СУ03.бр.525/23 од 07.07.2023 година,
- повратница за достава на известување Су-03.бр.525/23 од 21.07.2023 година;
- Известување бр. Су03-525/23 од 21.07.2023 година;
- бр. Су03-525/23 од 17.08.2023 година;
- 13 работни верзии на допис во врска со барање на Судскиот совет бр.02-1379/1 од 07.07.2023 година;
- бр.05-1853/1 од 22.09.2023 година заведено во .........суд под СУ03.бр.671/23 од 25.09.2023 година;
- техничка спецификација за користење на фиксна телефонија;
- емаил- известување испратено од Кабинетот на претседателот на .........суд на електронска адреса на Д.С. вработен во Судски буџетски совет на ден 02.10.2023 година во 11,28 часот;
- корекција известување испратено од Кабинетот на претседателот на .........суд на електронска адреса на Д. С. вработен во Судски буџетски совет на ден 02.10.2023 година во 12,32 часот;
- пропратно писмо за достава на Анекс Договор за фиксна телефонија бр.05-24/52 од 02.10.2023 година и емаил испратен до Кабинет на .... суд на 09.10.2023 година,
- повратница Су03-504/23- Анекс Договор на адреса на судскиот совет,
- пропратно писмо за достава на анекс договор за услуги за фиксна телефонија СУ03.бр.504/23 од 12.10.2023 година;
- Анекс договор заведен во ...... суд под СУ03-504/23 од 12.10.2023 година а во Судскиот сове тпод бр.09-5260/9 од 17.10.2023 година;
- емаил испратен од itcentar до cabinet од 07.12.2023 година во 13.11 часот;
- известување во врска со предмет СУ-03.бр.423/23 од 22.05.2023 година заведен во .........суд под СУ-03.бр.423/23-1 од 25.05.2023 година;
- Барање за пристап бр.03-1061/1 од 22.05.2023 година, заведено во .........суд под Су-03.бр.423/23 од 22.05.2023 година;
- процедура за квалитет ПК 7.1.3/10 - Процедура за доделување на кориснички привилегии;

Претседателот на Комисијата констатираше дека изведените докази се наоѓаат во оригинал во Архивата на Судскиот совет и во продолжение на доказна постапка и **с**е прифатија дополнително

доставени писмени докази со оглед дека од страна на подноститело́т било објаснето на која околност и за која причина истите се доставени до комисијата, след тоа во образложение на доказна постапка се чита:

- Извадок за книга на прием од 3.1.2023 гдоина во прилог записник од 428 седница, и
- извадок од приемна книга од 19.8.2022 година во прилог записник од 412 седница на Судски совет.

Претседателот на Комсијата констатираше дека од страна на подносителот и одбраната не се предлагаа други докази и дека доказната постапка е завршена и се продолжува со завршни зборови.

Подносителот на Барањето во завршен збор наведе дека согласно член 6 став 1 алинеја 1 од Законот за Судски совет на РСМ претседателот на
......суд е член на Советот по функцијата и учествува во работата на Советот без право ан глас. Во однос на ова претседателот имал и законска обврска да учествува во работата на Советот, а со тоа и да придонесува на седницата на Советот. Меѓутоа истата во период од 22.5.2023 година до 30.10.2023 година во континуитет отсуствала од седниците на Судски совет и без исклучок била отсутна на сите 21 седници кои беа одржани во наведениот период. И покрај фактот што непосредно пред почетокот на некои седници го најавувала своето отсуство, сепак истата не доставувала доказ за оправданоста на отсуството. Согласно член 38 од Закнот за Судскиот совет на РСМ, советот работите од своја надлежност ги разгледува и за нив одлучува на седница. Согласно член 43 став 1 од Закон за Судски совет на РСМ, членовите на Советот ги имаат следните права и обврски и одговорности, да учествуваат во работата и одлучувањето на Советот, да даваат иницијативи предлози и мислења по прашања од надлежност на Советот, да учествува во работните тела на Судски совет во кој е избран, по заклучок на Советот да оствари увид во работата на судијата и презема други дејствија и со тоа да поднесува Извештај до Судски совет кој е одговорен за повреда на Уставот и законот во врска со вршење на функцијата во Судскиот совет и врши други работи определени со овој закон. Истите обврски според став 2 на овој член важат и за членовите по функција освен во случаите предвидени со закон. Со наведените дејствија претседателот на ..... суд, судијата Б.А. во континуитет подолг временски период не ги извршувала своите законски обврски, а истото била должна да го стори имајќи ги во предвид цитираните законски одредби. Со ваквото континуирано извршување на законските обврски претседателот на .........суд ја пропуштила законската должност да се информира за состојбите во судството од една страна, а од друга страна да даде свој придонес во надминување на одредени состојби во судството и со тоа грубо ги занемарила и не ги извршувала своите законски овластувања и должности. Воедно од однесувањето неспорно произлегувало дека претседателот на .........суд давала приоритет на сите обврски наспроти на законската обврска да учествува на седниците на Судски совет како член по функција. Ова особено кога во наведениот период било нужно и важно нејзиното присуство, во ситуација кога местото член на Судски совет од редот на судиите во .........суд било испразнето. Интенцијата на законодавецот за членување на претседателот на .........суд на РСМ како претседател на највисокитот суд во државата било во насока на известување за одредени констатирани состојби во сите судови, со цел запознавање и надминување на детектирани слабости и појави од страна на Судски совет и изнаоѓање начини и решенија за

надминување на истите. Во насока на извршување на функцијата член на Судски совет од страна на претседателот на .........суд било и последното постапување и однесување со игноратскиот однос на поканата од Судски совет за работна средба заради запознавање и преземање мерки за решавање на едно суштинско прашање за судството, а тоа било заштита на самостојноста и независноста на судската власт. Претседателот на .........суд не само што не се јавила на работната средба закажана на 6.11.2023 година, туку до Судски совет доставила писмен допис во кој воопшто не се произнела за конкретното прашање за кое Судскиот совет ја закажал работната средба. Претседателката на ...... суд ниту денес не одговорила на конкретното прашање кое што било поставено по однос на истите наводи. Од дописот на претседателката на .... суд-судијата Б.А. не навела ништо за претходно дадените наводи во медиумите дека и вршат политички притисоци врз судиите на .........суд на РСМ, а во врска со одлучувањето за аболицијата на поранешниот претседател на државата. Воедно како причина за недоаѓањето наведе дека имала закажно настан без да постои волја за соработка и наоѓање друг термин за средба, а кое нешто произлегувало и од доставениот допис, но и од телефонскиот разговор остварен со претседателот на Судскиот совет со што повторно не постапила согласно законските обврски на претседателот на .........суд и член на Судски совет по функција. Од сето тоа што  го изложиле и во доказите кои биле приложени во прилог на барањето неспорно произлегувало дека претседателот на .........суд на РСМ- судијата Б.А. која е и член на Судски совет на РСМ по функција постапила спротивно на член 43 од Законот за Судски совет, и со тоа ги пречекорила и повредила законските овластувања како претседател на .........суд во смисла на член 79 став 1 алинеја 1 од Законот за судовите, а кој е основ за разрешување од функција на претседателот на .........суд, затоа побара Судски совет да донесе одлука со која ќе се утврди одговорност на претседателот на .........суд и истата да ја разрешат од претседател на .........суд.

Бранителот  во завршен збор наведе дека од целокупната дискусија можело да се утврди дека подносителот на барањето воопшто не правел разлика помеѓу член на Судски совет по функција и член на Судски совет со право на глас. Во бараето а и на расправата било кажано дека со неприсуството на претседатлката на седниците на Судски совет истата не можела да биде информриана од приичина што сите записницди усвоени од страна на Судски совет со целокупната содржина се доставувале до членовите на Судски совет, па оттука била инфориарана за состојбите во правосудтвото и сите прашања за кои дискутирал Судски совет. Втората констатација била дадена дека воопшто не дала свој придонес за надминување на состојбите во правосудството што повторно било неосновано бидејќи била во целосна комуникација и координација со Судскиот совет за што зборувале и бројните извештаи. Воопшто не се земала во предвид нејзината примарна функција а тоа било да го менаџира работењето на .........суд и  побара членовите на Судскиот совет да обрнат внимание на ова прашање при одлучувањето. Истакна дека ЕУ кон која претендираме да бидеме членка како и сите други меѓународни чинители јасно укажувале дека присуството на членови по функција како што е претседателката на .........суд, не било ниту нужно, ниту потребно на Судски совет, напротив се давале препораки истите да не бидат членови во иднина и констаирале дека неприсуството на членовите по функција не е прекршување на закон. По однос на наводот дека немале претставници од .. суд во Судски совет и поради тоа било нужно присуството на претседателката на Судски совет, смета дека многу повеќе говореле за состојбите во  Судскиот совет и на крај било истакнато дека

претседателката на .........суд и денес не одговорила на прашањата за политичките притисоци, прво тоа не било предмет на оваа дисциплинска постапка, а од одговорите на претседателката на .........суд јасно произлегувало дека соработува со сите надлежни иснтитуции по закон. Смета дека констатациите, прашањата упатени од подносителот на барањето до претседателката на .........суд биле многу тенденциозни со упатени јавни закани за нејзина кривична одговорност пред очите на јавноста и одтука смета дека на сите им станале јасни причните и мотивите за водењето на оваа постапка. И на крај смета дека членовите на Судски совет со право на глас се исправени пред огромен предизвик и дека имаат историска шанса да ја вратат независноста на судството и да ја поправат перцепцијата кај граѓаните кои ја имаат токму за судскиот систем и затоа верува искрено дека ќе се донесе одлука со која ќе ја запрат оваа постапка против претседателката на .........суд и ќе го зачуваат угледот и интегритотот на Судски совет.

Претседателката Б.А. во завршен збор се заблагодари на сите присутни и наведе дека е пресреќна што Судскот совет се одважил да донесе одлука за јавност на постапката

Согласно горенаведеното, а врз основа на член 67 став 1 и 2 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија, Комисијата на известители до Советот го поднесува овој Извештај, по кој Судскиот совет расправа на седница.

Комисија на известители

Претседател:
Мирад Сурօји

_________________

Членови:
Мери Радевска

__________________

m-r Selim Ademi

___________________